**ПРОЕКТ „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

# АНАЛИЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРАВОТО НА УЧЕСТВО, ПРАВОТО НА ЗДРУЖУВАЊЕ И ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ

**Скопје, Јануари 2010**

**Наслов на публикацијата:**
Анализа на спроведувањето на детските права во Република Македонија (посебен осврт на правото на учество, правото на здружување и правото на образование)

**Автори:**
М-р Елизабета Марковска Спасеноска
М- р Марија Нашоковска
М- р Теодора Ајановска Глигорова

**Институција соработник:**
Центар за истражување и креирање политики

**Издавач на публикацијата**: Коалиција на младински организации СЕГА ул. Иво Лола Рибар 5, Прилеп
**Извршен Директор**: Зоран Илиески

**Проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија“ е финансиски поддржан од фондацијата Песталоци**

## СОДРЖИНА


Резиме ........ 5
1. Вовед ........ 9
2. Процес на прибирање и анализа на податоци ........ 13
3. Заклучоци и препораки ........ 16
4. Детални резултати од спроведеното истражување според сфери на интерес ........ 27
  4.1 Генерални мерки ........ 27
    Сегмент: Законска регулатива ........ 27
    Сегмент: Национална комисија за заштита на детски права ........ 30
    Сегмент: Спроведување на НАП за детски права ........ 33
    Сегмент: Соработка со НВО и соработка помеѓу институциите задолжени за спроведување на Конвенцијата ........ 39
    Сегмент: Дисеминација на Конвенцијата ........ 43
  4.2 Генерални принципи ........ 50
    Сегмент: Право да се слушнат и земат во предвид мислењата и ставовите на децата ........ 50
    Сегмент: Принцип на недискриминација ........ 68
  4.3 Граѓански права и слободи ........ 75
  4.4 Образование, забава и културни активности ........ 83
    Сегмент: Интеркултурна димензија на образованието ........ 83
    Сегмент: Генерални пракси и квалитет на спроведување на образовните процеси ........ 88
    Сегмент: Неформално образование ........ 97
3. ПРИЛОЗИ ........ 103
  Прилог 1 - Табела за опфатеност на испитаници во истражувањето ........ 103
  Прилог 2 – Листа на анализирани закони и документи ........ 108
  Прилог 3 – Листа на интервјуирани клучни преставници од сферата заштита на детски права ........ 115

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| Извештај- | Алтернативен извештај за спроведување на Конвенцијата за првата на детето во Република Македонија |
| Коалиција Сега - | Коалиција на младински организации СЕГА |
| Конвенција - | Конвенција за правата на детето |
| МОН- | Министерство за образование и наука |
| МНР - | Министерство за надворешни работи |
| Комисија- | Национална комисија за заштита на правата на децата |
| НАП- | Национален Акционен План за правата на децата во Република Македонија |
| НПРО- | Национална Програма за развој на образованието |
| НВОи- | Невладини организации |
| ЕЛС - | Единици на локалната самоуправа |

# Резиме

Република Македонија во 1992 година ја ратификуваше Конвенцијата за заштита на правата на детето и со тоа се обврза за спроведување на одредбите од Конвенцијата и постојано подобрување на состојбите во оваа сфера. Од ратификувањето во 1992, па се до 2009 година забележлив е напредок во областа и скромни напори на државата да ја спроведува Конвенцијата кои се охрабрувачки знак.

Од друга страна мора да се напомене дека нашиот општ заклучок од спроведеното истражување за состојбата со детските права е дека спроведувањето на Конвенцијата никогаш не било приоритет за државата. Многу поголеми заложби во овој период се бележат од страна на граѓанските здруженија и меѓународните организации кои инвестирале средства во спроведување на Конвенцијата најчесто преку едукација за детски права, но и за следење и регистрирање на состојбите.

Според резултатите од спроведеното истражување највидлив напредок државата остварила во донесувањето на закони и подзаконски акти со кои се регулираат детските права. Сепак, спроведувањето на одредбите од законите и од подзаконските акти е на многу ниско ниво. Тоа може да се констатира од слабата информираност и незаинтересираноста на различните субјекти на локално и национално ниво за нивните обврски за спроведување на Конвенцијата, непознавањето на содржината на Конвенцијата и на НАП за детски права, непостоењето структури на национално и локално ниво за спроведување на Конвенцијата како и од ограничената соработка и координација по однос на почитувањето и спроведувањето на детските права.

Познавањето и спроведувањето на правото на учество на децата во донесување одлуки што беше предмет на истражувањето, е исто така на многу ниско ниво. Иако националните и локалните институции

декларативно го поддржуваат учеството на децата и покажуваат скромни познавања на формите и механизмите за учество, во пракса ова право не се спроведува. Правото на учество институциите најчесто го дефинираат во рамки на нивните годишните програми, но спроведувањето на ова право или воопшто не постои или пак не е систематски и координирано. Мислењето на децата се бара по прашања кои се несуштински или пак за кои законски е утврдено дека мора да се побара мислење од децата. Како потврда на ваквата констатација е и ставот на 81% од децата кои сметаат дека имаат право да учествуваат во донесувањето одлуки во образованието , семејството и во локалниот живот, но од друга страна доминантен број од децата изјавуваат дека тие не одлучуваат и не учествуваат одлучувањето пред се во образованието и во локалниот живот. Исто така децата не ги препознаваат формите на учество во донесување одлуки во образованието и во локалниот живот. Правото на учество на децата во донесувањето одлуки образованието и во локалниот живот не е ниту законски уредено.

Здружувањето на децата за остварување на нивните права сеуште не е соодветно законски регулирано во Република Македонија. Во Законот за здруженија на граѓани и фондации децата не можат да се јават како основачи на здруженија. Исто така различните форми на здружување на децата не се дефинирани на законско ниво. Половина од децата вклучени во истражувањето не ги знаат формите на здружување на децата во училиштата и во општините и не членуваат во организации за заштита на детските права .

Во однос на обезбедување квалитет во образованието државата не се води од воспоставените приоритетни активности за подобрување на квалитетот. Се преземаат избрзани решенија за модернизација на наставата (проект „Компјутер за секое дете„) во ситуација кога условите за работа во училиштата и хигиенските услови се катастрофални. Не се спроведува редовен мониторинг и периодична евалуација на остварувањето на

националните планови во сферата на образованието, па така тие останувaат на ниво на декларативни заложби.

Досегашната состојба со интеркултурализмот во образованието укажува на отсуство на активности за поттикнување мултикултурализам или пак на несистематско спроведување на активностите. Напротив, се бележат етнички тензии помеѓу децата од различна етничка припадност кои учат во исти училишта и етничка одвоеност во образованиот систем. Во најзасегнатите места на пример Тетово и Струга  децата учат во различни смени и во етнички чисти класови.

Неформалното образование на децата не е засебно регулирано. Активностите од овој вид се спроведуваат најчесто по иницијатива на граѓанските здруженија, и тоа директно со децата и во одредени случаи во соработка со училиштата. Исто така нема стандардизација на неформалното образование, ниту пак координација помеѓу испорачувачите на неформално образование.

Децата даваат скромни оценки за квалитетот на наставата, пристапот до неформално образование и познавањето на другите заедници. Според децата, наставата се одвива воглавно во несоодветни услови, во класови со голем број ученици, на некреативен начин и без да се обрне доволно внимание на можностите за развој на децата. Состојбата со изучување на мајчиниот јазик и следење на настава на мајчиниот јазик е катастрофална за децата Роми, каде нема ниту кадар ниту учебници за спроведување настава. Во слична состојба се поголемиот дел од децата од Турска припадност.

Едукацијата на децата за нивните права треба да биде приоритет и понатаму, но сметаме дека се потребни значителни промени во пристапот на кој се врши едукацијата. Оспособувањето на децата за критичко размислување и стекнувањето знаења и вештини преку кои тие ќе придонесуваат понатаму во јакнење на демократскиот капацитет на

државата е императив. Воедно тоа е и нашата клучна препорака. Затоа предлагаме посебен фокус на изучување на правото на учество на децата во донесувањето одлуки, како и воведување активности за практикување на ова право во образованието и во локалниот живот т.е. во општините. Сметаме дека подобреното спроведување на ова право прво во рамки на образовниот систем и во локалниот живот ќе има позитивни ефекти не само во поголема вклученост на децата туку воопшто ќе доведе до поголемо спроведување на Конвенцијата во услови кога децата повеќе ќе знаат за демократијата и за сопствените права. Во тој контекст потребни се законски измени со цел дефинирање на ова право и на формите на негово остварување. Истовремено и училиштата и општините на локално ниво треба да внесат промени во својата работа со тоа што ќе стават акцент на едукација на кадарот за правото на учество на децата и ќе предвидат и ќе започнат да применуваат некои од формите на учество на децата во нивната работа.

# 1. Вовед

Во периодот Мај – Септември 2009 година Коалицијата на младински организации СЕГА реализираше обемно истражување за состојбата со спроведувањето на Конвенцијата за детски права во Република Македонија. Целта на истражувањето беше да се согледа состојбата со детските права во оние сегменти кои се од интерес на истражувањето, но истовремено да се направи и преглед на информациите кои државата ги дала до Комитетот за ОН за заштита на правата на децата преку двата извештаи кои се досега поднесени. Финалните резултати од истражувањето се: Анализа на состојбата од спроведувањето на детските права (фокус право на учество, право на здружување и право на квалитетно образование) и Алтернативен извештај за спроведувањето на Конвенцијата со препораки за идни активности кој е поднесен и ќе биде презентиран пред Комитетот во Февруари 2010 година. Истражувањето беше спроведено во рамки на проектот Имплементација на Конвенцијата за правата на децата во Република Македонија, а со финансиска поддршка на Детската Фондација Песталоци.

<u>За проектот</u>

Проектот Имплементација на Конвенцијата за правата на децата во Република Македонија има за цел да даде објективна слика за состојбата со практичното спроведување на детските права во Република Македонија, при што фокусот е ставен на одредени права согласно претходното искуство, експертизата и фокусот на активностите на Коалиција СЕГА, направената анализа на препораките на Комитетот и на посебните оддели во рамки на Конвенцијата. Истражувањата кои се правеа во рамки на проектот, заклучоците и препораките се однесуваат на практичното спроведување на правото на учество на децата и младите во образованието, во локалниот живот, правото на здружување на децата, како и на правото на соодветно и квалитетно образование за децата и младите. Исто така

Коалиција СЕГА подетално го истражуваше и сегментот Генерални мерки со цел да утврди дали и како во пракса се применува Конвенцијата и дали постојат структури на национално и локално ниво и капацитет за спроведување на Конвенцијата.

Реализацијата на проектот се спроведе со логистичка поддршка од организациите членки на Коалиција СЕГА[1], учество на деца анкетари при спроведување на анкетата и експертска поддршка од тимот истражувачи ангажиран за спроведување на истражувањето. По пат на јавен конкурс, од редовите на организациите членки беа регрутирани мапирачи, анкетари и фасилитатори на фокус групите. Исто така членките и регионалните канцеларии ја организираа соработката со училиштата, контактите со локалните институции и ги идентификуваа и организираа родителите и децата учесници на фокус групите. Подготовката на методологијата и инструментите за истражувањето, како и целокупната анализа, и пишувањето на аналитичките документи и го спроведе тим од три надворешни консултанти. Во подготовката на Извештајот беа вклучени[2]: 1160 деца, 15 Единици на локална самоуправа (ЕЛС), 15 Центри за социјална работа (од 14 градови), 105 основни и средни училишта, 44 Невладини организации ( НВОи) ( од 14 градови), 5 Канцеларии на Министерството за образование и наука (МОН), 4 Заменици на Народниот правобранител и 59 родители ( од 14 градови).

## За Коалиција СЕГА

Коалицијата на младински организации СЕГА е формирана во 2004 година и во моментов брои 34 НВО членки од различни региони на Република Македонија. Коалиција СЕГА уште од 2004 година работи на младинското учество во процесите на донесување одлуки. Коалицијата во партнерство во

---

[1] Зона Кавадарци, Младински Совет – Охрид, Младински совет – Прилеп, Фокус – Ресен, Форум на млади – Битола, Семпер – Битола, СПУКМ. Младински центар за разрешување и превенција на конфликти – Скопје, Младински клуб – Штип, Институт за развој на заедницата – Тетово, Мултикутлура – Тетово, Мрежа на млади фармери – Скопје, Интеркултура – Скопје

[2] Детален преглед на вклучените страни во истражувањето е даден во прилог 1 и 3

Агенцијата за млади и спорт го спроведе и поддржа процесот на подготовка на Националната стратегија за млади во 2004 – 2005 година. Првично во фокус на активностите на Коалицијата беа младите средношколци, студенти и невработени кои го комплетирале процесот на образование на возраст од 15 – 30 години, но согласно стратегијата за работа на Коалицијата целната група е проширена со цел да ги опфати и децата вклучени во системот на основното образование на возраст над 10 години и да работи со нив на едукација и менторство за остварување на правото на учество во образованието и во локалниот живот и правото на здружување.

Другиот аспект во работата на Коалицијата е соработката со локалните институции (општини, училишта, центри за социјална работа, НВОи) со цел воведување на концептот на учество на децата и младите во процесот на донесување одлуки. Во тој контекст Коалицијата има воспоставено активна соработка со преку 20 општини во Република Македонија со кои работи на подготвка и воведување на модели на учество на децата и младите. На национално ниво, Коалицијата претежно соработува со Агенцијата за млади и спорт и МОН во подготвка и донесување на младински политики со цел регулирање на младинскиот живот и младинското организирање во државата. Во периодот 2007-2009 година Коалицијата СЕГА во партнерство со Агенцијата за млади и спорт на РМ го изработи и го промовираше на локално ниво Националниот Акционен план за имплементација на стратегијата за млади.

Со цел јакнење на граѓанскиот сектор Коалицијата спроведува активности за зајакнување на капацитетот на младинските организации и покренува иницијативи за формирање и поддршка на нови младински организации посебно во региони во кои отсуствува младинското здружување, како на пример регионот на Источна Македонија.

За истражувачкиот тим

Истражувачкиот тим беше составен од три лица кои имаат посебен интерес во сферата на истражувањето, знаење од области детски права или знаење и практично искуство во примена на методите на теренски истражувања и анализа. Станува збор за млади истражувачи со соодветна академска позадина за спроведување на научни истражувања.

Лидерот на тимот Елизабета Марковска Спасеноска е Магистер по менаџмент на човечки ресурси при Институтот за социолошки и политичко правни истражувања во Скопје, инситуција која е високо рангирана и позната во делот на теренските истражувања. Елизабета има долгогодишно искуство во граѓанскиот сектор, работи претежно со младински организации и организации кои работат на остварување на правото на образование специфично за децата Роми. Таа има изготвено повеќе анализи, евалуации на проекти и организациски проценки.

Марија Нашковска е Магистер по јавна администрација при Универзитетот на Сиракуза, САД. Марија има искуство во реализација на фокус групи поврзани со малцински прашања, истражување на документација и има изготвено повеќе експертски анализи и извештаи во областа социјална инклузија.

Теодора Ајановска Глигорова е Магистер по човекови права при Универзитетот на Централна Европа во Будимпешта. Исто така Теодора е и дипломиран педагог при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и има работно искуство во областа спроведување на детски права со посебен фокус на правото на образование.

При подготовката на репрезентативниот примерок за анкетата со деца, истражувачкиот тим соработуваше со Центарот за истражување и креирање политики – ЦРПМ, организација и истражувачки центар кој работи на

промоција на доброто управување  и развојот во Македонија на база на релеванти истражувања базирани на докази, испорачува обуки, консултации и изработува истражувања, анализи и евалуации.

## 2. Процес на прибирање и анализа на податоци

Истражувањето кое го спроведе Коалиција СЕГА во соработка со истражувачкиот тим опфати теренска компонента и анализа на постоечка документација и законска регулатива поврзана со сферите на интерес на проектот. Предметот на истражувањето подетално е претставен преку сферите на интерес наведени во продолжение, а кои се селектирани соодветно на одделите во Конвенцијата за правата на детето:

- <u>Генерални мерки за имплементација на Конвенцијата;</u>
- Законската легислатива (постоење и спроведување на различни национални закони и подзаконски акти поврзани со Конвенцијата)
- Структури за спроведување на Конвенцијата, координација / мониторинг (работа на Националната комисија за заштитата на правата на децата, процес на воспоставување и функционирање на локални општински комисии за спроведување на Конвенцијата и степенот на спроведување на Националниот план за детски права)
- Соработка со НВО (напорите на државата за соработка со НВОи во спроведување на Конвенцијата; соработка со УНИЦЕФ, меѓусебната соработка со институциите)
- Дистрибуција на Конвенцијата (познавањата за Конвенцијата и детските права, напорите на државата за дистрибуција на Конвенцијата)

o <u>Генерални принципи;</u>

- Правото да се даде мислење, да се слушне мислењето да децата и да биде земено во предвид (процедури, практики и механизми за слободно изразување на мислењето, механизми за прибирање на

мислењето, вклучување на мислењето на децата во различни документи- фокус на образованието и локалниот живот)

- <u>Граѓански права и слободи;</u>
  - Во рамки на членовите 13, 14, 15 од Конвенцијата посебно се анализираше пристапот до информации конкретно за детските права, нивното на достапни информации до децата
  - Правото на слободно здружување на децата во земјата и постоечките механизми за слободно здружување кои се ставени на располагање од државата – фокус во образованието
  - Недискриминација (член 2)

- <u>Образование, забава и културни активности;</u>
  - Генерални пракси и квалитет на образование
  - Неформално образование (застапеност, процедури за спроведување и препознаеност од страна на државата и на целната група деца)
  - Интеркултурна димензија на образованието

Теренската компонента опфати шест различни приоди/методи за собирање на податоците и тоа:

- Анкета со репрезентативен примерок деца на возраст од 13 – 17 години
- Мапирање на локални институции кои работат со деца (НВОи, училишта, единици на локална самоуправа, центри за социјална работа, Заменици Народен правобранител и Регионални канцеларии на МОН)
- 5 регионални фокус групи со деца на возраст од 10 – 12 години
- 5 регионални фокус групи со родители
- Интервјуа со клучни носители на одлуки поврзани со сферите на истражувањето на национално ниво

Со цел да се овозможи учество на децата во подготовката на овој извештај, анкетирањето на децата од примерокот го спроведоа деца на кои им беше испорачана обука за спроведување на анкетата. Мапирањето на институциите и реализацијата на фокус групите ја вршеа мапирачи и фасилитатори кои исто така добија обука. Подготовката на репрезентативниот примерок и првичната обработка на анкетите ја спроведуваше Центарот за истражување и креирање политики – ЦРПМ од Скопје на база на критериуми кои вклучуваа етничка припадност, возраст и пол на децата. Вкупниот број на опфатени учесници во истражувањето е:

- 1082 анкетирани деца (статистички репрезентативен примерок)
- 15 Локални самоуправи вклучени во мапирањето (од 14 градови)
- 15 Центри за социјална работа (од 14 градови)
- 105 основни и средни училишта
- 44 Невладини организации (од 14 градови)
- 5 Канцеларии на МОН
- 4 Заменици на народниот правобранител
- 78 деца вклучени во фокус групите (од 5 градови, Скопје, Прилеп, Тетово, Охрид и Штип)
- 59 родители (од 14 градови)

За спроведување на анкетата беше изработен прашалник, за мапирањето за секоја институција беше подготвен посебен прашалник, додека пак за фокус групите и анализата на документацијата се изработија насоки по кои фасилитаторите и истражувачите ги прибираа потребните податоци. Дополнително се реализираа интервјуа со претставници од МОН, УНИЦЕФ, Министерство за надворешни работи (МНР) и со Заменик Народниот правобранител за деца .

# 3. Заклучоци и препораки

## *Заклучоци*

1. Генерални мерки

- Постигнат е напредок во подобрување на законите, донесување и измена на подзаконски акти и национални стратегии  кои предвидуваат вклучување на принципите и одредбите на Конвенцијата во националната законска рамка. Сепак во рамки на преземените подобрувања не е даден еднаков третман и еднакво место на сите одредби од Конвенцијата. Така, нема никакви законски одредби кои го регулираат учеството на децата при донесување одлуки во сферата на образованието и локалниот живот (учество во одлучувањето во општините). Исто така и покрај подобрувањата, се соочуваме со мошне слабо спроведување на тие решенија во пракса.

- Нема интегриран систем за заштита на правата на децата на национално ниво и локално ниво. Воспоставената Национална комисија за заштита на правата на децата (во понатамошниот текст Комисија) не функционирала во континуитет. Нема извештаи од нејзината работа кои се достапни за јавност и кои би укажале на активностите на Комисијата за спроведување на Националниот Акционен План за правата на децата во Република Македонија.

- Нема координирано и систематско спроведување на НАП. Институциите на локално ниво не се доволно информирани за постоењето на планот и не го користат како основа за планирање на активности за заштита на детски права. Нема дефиниран систем за следење на спроведувањето на планот. Планот не е сеопфатен, поставен е  на ниво на стратегија, а не на ниво на Акционен план. Отсуствува структура на локално и национално ниво која ќе го

спроведува и следи планот на систематски начин. Само 6 општини од вкупно 15 опфатени со мапирањето имаат воспоставено комисија или одговорно лице за заштита на детски права. Исто така, само 6 општини од 15 вклучени во истражувањето подготвиле локални акциони планови за имплементација на Конвенцијата.

- Институциите на локално ниво се изјаснуваат дека соработуваат меѓу себе за прашања поврзани со детските права, но според добиените податоци од истражувањето може да се заклучи дека има многу мала координација помеѓу нив како по однос на нивните обврски за спроведување на Конвенцијата така и за активности кои тие поединечно ги преземаат. Училиштата се една од институциите на локално ниво со која сите други институции најмногу соработуваат. Во пракса соработката помеѓу државата и невладините организации се одвива најчесто по иницијатива на НВОи, а во отсуство на државна политика со која би се регулирала соработката според дефинирани критериуми.

- Не е воспоставен систем од страна на државата за редовна дистрибуција на Конвенцијата до децата и до институциите. Иако најголемиот дел од институциите изјавиле дека се запознати со содржината на Конвенцијата, консултирањето на Конвенцијата не е редовна практика во нивната секојдневна работа. Иако децата се едуцираат за детските права во рамки на формалното и неформалното образование, само 31% од децата знаат што е Конвенцијата, а 80% од децата не ја виделе т.е. не се сигурни дали ја виделе Конвенцијата. 71% од децата велат дека се делумно информирани за нивните права.

- Освен Комисијата која е координативен механизам за спроведување на Конвенцијата на национално ниво, не постои стручно тело составено од експерти од областа на детски права. Одделот за детски

права при Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на заедниците има маргинална улога во заштитата на детските права, без соодветен капацитет и поставеност во хиерархијата на Министерството за образование и наука (МОН).

2. Генерални принципи

- Спроведувањето на правото на учество на децата во образованието и локалниот живот во пракса речиси и да не постои. Институциите тврдат дека имаат механизми преку кои го бараат мислењето на децата и ги вклучуваат децата во одлучувањето, но ретко даваат примери кога и како тоа го прават. Дадените примери се однесуваат на законски обврски кои наложуваат да се бара мислењето на децата или пак станува збор за барање на мислењето за несуштински прашања.

- Децата велат дека тие не одлучуваат во училиштето. Според нив, тоа го прават родителите и наставниците заедно или одвоено. Според Законот за основно образование не се дава законска можност децата да учествуваат во одлучувањето за оценките, тоа можат да го прават родителите.

- Механизмите за учество на децата во одлучувањето во училиштата не се законски дефинирани, децата не ги познаваат таквите механизми и во најголем дел изјавиле дека сами се преставуваат себеси во училиштето. Исто така децата, многу малку знаат за значењето и улогата на ученичките и училишните заедници, а уште помалку знаат за сопствената улога во тие заедници.

- 41% од децата не знаат како се донесуваат одлуките во општината, или веруваат дека тоа го прават возрасните (35%). Законот за локална

самоуправа не го уредува прашањето за учество на децата во донесувањето одлуки кои се битни за нив.

3. Граѓански права и слободи

- Во Република Македонија сеуште не е донесен посебен Закон за заштита од дискриминација, додека пак во законите од сферата на образованието дадена е само општа забрана на секаков вид на дискриминација. Тоа оневозможува дефинирање на формите на дискриминација и нивно правилно препознавање. Исто така во отсуство на таков закон не постојат ниту процедури за постапување во случаи на дискриминација.

- Најголемиот дел од децата искусиле понижување најмалку еднаш или два пати, а како најчести причини за понижување ги наведуваат успехот на училиште, материјалниот статус и етничката припадност.

- Според постоечкиот Закон за здруженија на граѓани и фондации ограничено е правото на децата за здружување во здруженија. Според одредбите на законот децата не можат да се јават како основачи на здружение.

- 81% од децата велат дека децата треба да се здружуваат во организации и да работат за заштита на детските права, но најголемиот дел од нив не членуваат во такви организации. Иако сите институции на локално ниво го поддржуваат здружувањето на децата, сепак не се проактивни со цел да ги поттикнат децата на здружување.

- Децата ретко ги добиваат информациите за нивните права на систематски и организиран начин. Најчесто се информираат преку ТВ и радио за своите права, што значи институциите немаат водечка

улога во информирањето иако имаат главна обврска да ги информираат децата. Иако се донесени законски решенија за заштита на децата од содржини кои може да имаат негативен ефект врз нивниот психички и интелектуален развој, во пракса медиумите ретко се придржуваат на насоките за заштита на децата од такви содржини.

4. Образование, забава и културни активности

- Во областа на подобрување на квалитетот на образованието преземени се позитивни законски измени во законската регулатива која го регулира основното и средното образование. Процесот на реформи во образованието е започнат да се спроведува со донесувањето на Националната Програма за развој на образованието од 2006 година и неопходно е повеќе време за да се согледаат ефектите од реформите. Реформите се однесуваат на подготовки на кадарот, дообучување, промени во наставните програми, подобрување на работните услови, осовременување на наставата.

- Од друга страна, јавноста е сведок на преземањето на избрзани законски решенија како што се одредбите за воведување на веронаука во училиштата и екстерно оценување, кои беа укинати од Уставниот суд. Исто така реализацијата на проектите Компјутер за секое дете и Бесплатни учебници покажуваат дека недоволно се посветува внимание на изводливоста на реформите во пракса, т.е. колку постојат неопходни предуслови за да се спроведи одредена реформа. Искуствата од спроведувањето на реформите без соодветно длабинско истражување на долгорочните влијанија и нивната изводливост покажуваат дека недоволно се посветува внимание на изводливоста на реформите во пракса, т.е. колку постојат неопходни предуслови за да се спроведи одредена реформа.

- Квалитетот на образованието прикажан преку знаењата што ги добиваат учениците, креативноста на наставниците и условите за работа не е на задоволително ниво. Квалитетот на наставниот кадар и квалитетот на наставата во пракса во најголем дел е поврзан со оценките на учениците, иако законските промени предвидуваат да се применува самоевалуација во училиштето, подготовка на развојни планови со цел подобрување на квалитетот на образованието како и интегрална евалуација на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат.

- Во пракса критериумите по кои се спроведуваат оценувањето на наставниот кадар и оценување на можностите за напредување на кадарот во следен степен не се соодветни. И додека напредувањето во следен степен се прави на основа на мислење на комисија, објективноста и професионалноста на наставниците се проценуваат главно врз на основа на екстерното проверување на постигнувањата на успехот на учениците (споредено со оценките кои наставникот ги дал). Со тоа повторно квалитетот на наставата се поистоветува со оценките на учениците.

- Иако во Законот за основно и средно образование и во националните документи од оваа сфера ставен е акцент на промоција на мултикултурализмот и интеркултурализмот, во пракса не се понудени алатки како да се промовираат и како децата да научат повеќе за своите соученици кои имаат различна етничка припадност или религија од нивната.

- Неформалните облици на образование се законски дефинирани само за возрасни, но не и за деца. Иако децата се задоволни од знаењето што го добиваат преку неформалното образование, во пракса пак училиштата не се проактивни во овозможувањето неформално образование за децата и најчесто се јавуваат како партнери на

иницијативите од НВОи. Училиштата  немаат систематски приод за редовно вклучување на децата во неформалното образование.

***Препораки***

1. Генерални мерки

- Се препорачува да се ревидира работата и улогата на Комисијата како национален координативен механизам. Потребно е да се ревидираат постоечките или да се дефинираат нови критериуми за избор на членови  во комисијата и соодветно на нив да се избере ново членство. При дефинирање на критериумите за членство да се разгледаат можностите за вклучување на поголем број релевантни граѓански организации во работата на Комисијата кои би имале консултативен статус при донесување одлуки и улога на ко – менаџмент структури при спроведување на таквите одлуки. Исто така треба да се дефинираат процедури кои ќе обезбедат континуитет во работењето на комисијата како и редовно известување на јавноста за преземените активности.

- Комисијата во соработка со Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, граѓански организации и меѓународни донатори да ја зајакне имплементацијата на законските одредби на локално ниво преку задолжително формирање комисии за заштита на правата на децата во рамки на Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) и подготовка на локални акциони планови за заштита на детските права во оние општини во кои не постојат.

- Да се ревидира НАП и во негови рамки да се предвиди јасна одговорност на институциите за спроведување на конкретни активности од планот согласно нивната надлежност. Во ревизијата на

Планот да се земат во предвид мислењата, спроведените анализи и искуствата на граѓанските здруженија и меѓународните донатори од областа заштита на детски права. Планот треба да содржи приоритети и конкретни постигнувања на годишно ниво. Во тој контекст Комисијата да изработи систем за следење и оценување на спроведувањето на Планот на национално и локално ниво. Системот треба да содржи јасно одредени индикатори преку кои ќе се мерат постигнувањата.

- ЕЛС треба да бидат носители на политиката за заштита на правата на децата на локално ниво и во тој контекст да ја координираат реализацијата на локалните акциони планови. Имајќи ја во предвид централната улога на образовните институции во спроведувањето на таквата политика се препорачува тие да бидат јадро на сите активности во кои ќе се вклучат и другите надлежни институции и граѓански организации на локално ниво.

- Државата да ја постави Конвенцијата како задолжителна литература и да ја дистрибуира заедно со учебниците за соодветното одделение во кое таа се изучува. Изучувањето на детските права да се фокусира на индивидуално изучување на суштината на секое право и начинот на негово остварување. Вакви едукации исто така се препорачуваат за родителите, за наставниците и за општинската администрација.

- Се препорачува одвојување на Одделот за детски права при Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на заедниците, како самостоен орган во рамки на МОН. При тоа посебно внимание да се посвети на зајакнување на улогата на овој Оддел како стручно тело составено од експерти од областа детски права.

2. Генерални принципи

- Државата треба да го регулира учеството на децата во донесувањето одлуки во образованието и во локалниот живот во рамки на Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за локална самоуправа. Во овие закони да се дефинираат сегментите во кои е потребно задолжително вклучување на децата, механизмите за учество на децата и критериуми за функционирање на тие механизми. Потенцијалните форми на учество на децата вклучуваат формирање на ученички организации, училишни заедници, совети на деца и млади, детски парламенти и младински центри.

- Во контекст на практично спроведување на правото на учество на децата во донесувањето одлуки во образованието и локалниот живот, препорачуваме училиштата во соработка со граѓански здруженија кои работат на прашањето на учество да преземат активности за едукација и менторство на децата и на наставниците за воспоставување и функционирање на механизмите за учество.

3. Граѓански права и слободи

- Се препорачува што поскоро да се донесе Законот за заштита од дискриминација во кој ќе бидат вклучени посебни одредби за дефинирање на формите на дискриминација на децата и механизмите за заштита на децата од дискриминација.

- Да се воведат законски одредби во Законот за здруженија на граѓани и фондации со кои ќе се прошират можностите за формирање здруженија од страна на децата. Се предлага законско утврдување на формите на здружување на децата во училиштата, како и прецизирање механизми и процедури за функционирање на таквите здружувања.

- На ниво на Совет за радиодифузија се предлага воведување контролни механизми за содржините кои медиумите ги пласираат, а се достапни до децата како и систем на редовно следење на програмите на медиумите. Во следењето на овие содржини да се активираат и граѓанските организации.

4. Образование, забава и културни активности

- Со цел подобрување на квалитетот на наставата се препорачува понатамошно преземање на инфраструктурни зафати во координација помеѓу државата, ЕЛС и училиштата. Оваа мерка се препорачува како приоритетна со цел да се овозможат неопходни услови за работа во сите училишта, па потоа да се преземаат зафати со цел унапредување на технологијата во училиштата.

- Да се спроведува проактивна политика на државата со цел намалување на бројот на ученици по класови и во тој контекст во Законот за основно и средно образование да се намали горната граница на ученици во класот од 34 на 30.

- Државата да спроведува длабински истражувања и анализи за изводливоста на решенијата во пракса. Исто така се препорачува консултирање и ангажман на граѓански организации при спроведување на реформите.

- Да се подготви и спроведе план за обезбедување на соодветна литература и наставен кадар со цел припадниците на етничките заедници кои не учат на својот мајчин јазик, да почнат да учат на својот мајчин јазик или барем да можат да изберат изучување на тој јазик како изборен предмет. При тоа предност во обезбедувањето на литература и кадар да се даде на оние училиштата во кои бројот на

деца од одредени етнички заедници (како на пример Роми, Турци и Власи) е поголем во споредба со други училишта.

- Бирото за развој на образованието да предвиди и да вклучи алатки преку кои ќе се промовираат мултикултурализмот и интеркултурализмот со цел децата да научат повеќе за своите соученици кои имаат различна етничка припадност или религија од нивната. Се препорачува соработка со граѓанските организации за спроведување на оваа препорака.

- Да се регулира неформалното образование за деца во рамките на Законите за основно и средно образование. Да се задолжат училиштата редовно да вклучуваат вакви активности во рамки на нивните годишни програми и да го предвидат начинот на нивната реализација.

# 4. Детални резултати од спроведеното истражување според сфери на интерес

## *4.1 Генерални мерки*

### Сегмент: Законска регулатива

Овој сегмент од областа Генерални мерки беше истражуван преку анализа на документацијата т.е. релевантните донесени закони и нивните измени и дополнувања.

- **Резиме**
    1. Република Македонија има донесено или изменето значаен дел од законската регулатива релевантна за сферите на интерес на истражувањето. Од 2000 година наваму направени се измени во Законот за заштита на децата, измени во Законот за семејство од 1992 година, во Законот за социјална заштита од 2006 година направени се измени, во 2007 година согласно планирањата во НАП донесен е Законот за малолетничка правда но неговата примена е два пати одложувана и стапува во сила дури од Јули 2009 година. Врз Законот за основно образование од 2002 година извршени се измени во 2004, а во 2008 година донесен е нов Закон за основно образование кој е во примена и Законот за средно стручно образование од 2006 година. Исто така под интервенција на Народниот правобранител направени се измени и во Законот за локална самоуправа каде се предвидени децата на улица како посебна социјална група, измени во Законот за забрана на пушење и Законот за угостителска дејност и Законот за трговија. Спроведувањето на

законите се анализира поодделно во соодветните сегменти на кои се однесуваат.

2. Промените во регулативата воглавно го содржат социјалниот аспект на детската заштита, го третираат детето како носител на права и обврски, но сеуште не преставуваат еден интегриран систем за заштита на децата
3. Иако постои регулатива која укажува на обврски на институциите на национално и локално ниво за спроведување на Конвенцијата, сепак во пракса отсуствува примената на регулативата. Делумно ова е резултат на некоординацијата на институциите т.е. непостоење на силен Национален координативен систем за спроведување на Конвенцијата. Исто така, едуцираноста на претставниците на институциите за начините за спроведување на Конвенцијата, преземањето добри практики од други земји отсуствува и доведува само до декларативни заложби и волја да се примени Конвенцијата.
4. Законските промени во областа на образованието како и начелата и принципите застапени во националните програми од оваа сфера, укажуваат на поголема сензитивност за детските права во оваа област, посебно преку нагласување на правото на образование на јазикот на етничката заедница, еднаквиот пристап во образованието за сите вклучително и маргинализирани групи, деца и млади од рурални средини, уважување на неформалното образование како и пристап до редовното образование и за децата со посебни потреби.

- **Наоди од анализа на документацијата**

При идентификувањето на донесената законска регулатива од областа детски права се зедоа во предвид оние закони и нивните промени кои ги третираат сферите на интерес на истражувањето. Следствено на тоа подолу се прикажани клучните правни промени во тие сфери. Од 2000 година

наваму направени се измени во Законот за заштита на децата и тоа во 2003, 2004, 2005 и два пати во 2008 година[3], како и измени во Законот за семејство од 1992 година и тоа во 2004, два пати во 2006 и во 2008 година кога е изработен и пречистен текст. Во Законот за социјална заштита од 2006 година направени се измени во 2007 и два пати во 2008 година. Во 2007 година согласно планирањата во НАП донесен е Законот за малолетничка правда но неговата примена е два пати одложувана и стапува во сила дури од Јули 2009 година. Врз Законот за основно образование од 2002 година извршени се измени во 2004, а во 2008 година донесен е нов Закон за основно образование кој е во примена и Законот за средно стручно образование од 2006 година.

Во текот на 2000 – 2008 година Народниот правобранител по службена должност и самоиницијативно учествува со свои предлози во измени дополнувања на законите кои се однесуваат на заштитата на правата на децата. Според извештаите на Народниот правобранител може да се констатира дека еден значаен дел од неговите предлози кои се однесуваат на обезбедување еднаквост на децата, недискриминација, еднаков пристап во образованието и сл. се прифатени и вметнати во законите. Поконкретно, според извештајот од Народниот правобранител за имплементација на Конвенцијата и протоколите кон Конвенцијата од 2007 година, по интервенција на Народниот правобранител донесени се или изменети следниве законски документи:

- Донесен е Закон за заштита на децата
- Извршени се измени и дополнувања во Законот за семејство во поглед на семејното насилство и доуредено е правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кој не живее
- Извршени се измени и дополнувања по однос на Законот за здравствено осигурување во поглед на ослободување од

[3] Подетално измените на наведените закони ке бидат обработувани во соодветната глава од анализата

здравствени трошоци за услуги кои се пружаат на децата со посебни потреби

- Извршени се измени и дополнувања во Кривичниот законик со предвидување посебно Кривично дело „Трговија со луѓе„ и воведување алтернативни мерки
- Во Законот за локална самоуправа предвидени се децата на улица како посебна социјална група на која треба да и се обезбеди заштита
- Извршени се измени на Законот за социјална заштита каде децата на улица се предвидени како посебна социјална категорија и предвидено е формирање дневни центри за деца на улица
- Извршени се измени во Законот за забрана на пушење во кои се забранува рекламирање цигари
- Извршени се измени во Законот за угостителска дејност и Законот за трговија со кои се забранува рекламирање на алкохол и продажба на алкохол и цигари на деца како и забрана за деца да влегуваат во ноќни локали

Интервенцијата во областа на образованието претежно се однесува на обезбедување бесплатно средно и основно образование, поголема вклученост на родителите во одлучувањето во училиштата, акцент на мултиетничкиот карактер на образованието и образованието на мајчин јазик.

## Сегмент: Национална комисија за заштита на детски права

Овој сегмент од областа Генерални мерки беше истражуван преку анализа на документите на располагање и спроведените интервјуа со претставници на МНР, УНИЦЕФ и Заменик Народниот Правобранител за детски права.

- **Резиме**

Република Македонија иако направила напор да постапи според препораката на Комитетот и воспоставила официјално Национална Комисија за заштита на правата на децата, сепак нема успех по однос на функционирањето на Комисијата. Работата на комисијата е непостојана и не можат да се најдат информации што се работело во изминатиот период. Исто така во еден период од работата се појавува и информација за замена на Националната Комисија со интерминистерска Комисија за деца, т.е. поединечни советници/претставници од надлежни Министерства, а всушност станува збор за реактивирање на Комисијата.

Ваквата состојба предизвикува слаба координација и размена на информации помеѓу институциите на национално и локално ниво, немање на единствен механизам за следење на спроведувањето на НАП за детски права и следствено на тоа за преземање корективни акции. Иако Националната комисија ја има одговорноста за спроведување на НАП за детски права не може да се добијат официјални информации за исполнувањето на планот и досега Комисијата не е повикана на одговорност по однос на спроведување на планот.

- **Наоди од анализа на документацијата**

Комитетот на ОН препорачува Македонија да воспостави национално координативно тело кое ќе ја следи имплементацијата на Конвенцијата за детски права и ќе работи на подготовка и реализација на НАП. Истовремено пак во НАП за детски права кој е изработен 2005 година а се однесува на периодот 2006 – 2015 се спомнува формирање на локални структури за спроведување на Конвенцијата.

Информација за постоењето на Национална Комисија за заштита на правата на децата е дадена во Извештајот поднесен од Владата во Јуни 2007 година во кој се вели дека иако овој Комитет бил формиран, истиот не

профункционирал и во моментов не е функционален. Според Извештајот на УНИЦЕФ „Децата во ПЈР Македонија", позитивен напредок е направен со формирање на интерминистерска Комисија за деца. Во контекст на ова, а според Извештајот од владата секое надлежно министерство или владина агенција е задолжена да назначи лице/советник за областа детски права кој ќе биде координатор на активностите за имплементација на Конвенцијата во сферата во која делува институцијата што тој ја претставува.

Од спроведеното интервју со Г- га Светлана Гелева, Раководител на секторот за човекови права при МНР, во 2001 година воспоставена е Национална комисија како работно тело со улога да го изработи НАП за правата на детето. Оваа Комисија го изработила НАП, но понатаму како што и се наведува во Извештајот од државата Комисијата не продолжува со својата улога. Затоа во 2007 година всушност со наведената Одлука се реформира Комисијата сега со улога да го следи спроведувањето на НАП за правата на детето. Во новиот состав на Комисијата се вклучени претставници од Министерствата за правда, труд и социјала, внатрешни работи, надворешни работи, финансии, култура, здравство, образование и од Агенцијата за млади и спорт од рангот Државни советници, како и претставник од Државниот завод за статистика. Исто така во Комисијата се вклучени и Прва детска Амбасада Меѓаши и Детски Парламент на Македонија, како НВОи без право на глас. Во Комисијата консултативна улога има и УНИЦЕФ. Не се познати критериумите на избор на НВОите во Комисијата, се одржуваат редовни седници од формирањето па до денес, но јавноста нема информации за работата на Комисијата. Последниот извештај Комисијата го подготви и поднесе до Владата на 30 Септември 2009 година.

Имајќи во предвид што Комисијата е составена претежно од делегирани претставници по функција, може да се констатира отсуство на експертиза и капацитет како за работа во областа детски права така и за следење на исполнувањето на НАП за правата на децата. За јавноста недостигаат информации што всушност работи оваа Комисија. Има ограничено вклучување на граѓанскиот сектор во работата на Комисијата.

## Сегмент: Спроведување на НАП за детски права

Овој сегмент од областа Генерални мерки беше истражуван преку анализа на постоечки документи и преку мапирањето на локалните институции. Главните заклучоци од истражувањето, како и наоди од мапирањето се претставени во продолжение.

- **Резиме**

1. Нема координирано и систематско спроведување на Националниот Акционен План за детски права. Институциите на локално ниво не се доволно информирани за постоењето на планот и не го користат како основа за планирање на активности за заштита на детски права. Планот не е сеопфатен, поставен е на ниво на стратегија, а не на ниво на Акционен план. Не постои систематска основа за да се оценува исполнувањето на НАП за деца. Не најдовме официјални извештаи каде на едно место би се оценувало спроведувањето на НАП. Таквата ситуација е креирана и од фактот дека НАП за деца не е доволно промовиран и дека институциите на локално ниво воглавно не знаат за постењето на овој план. Воедно планот најчесто не се користи како референца при подготовка на локални планови и документи.
2. На локално ниво, има парцијален и неодржлив приод по однос на воспоставување структури и изработка на документи за спроведување на Конвенцијата. Во рамки на програмата Општини по мерка на детето направени се обиди за создавање структура за спроведување на Конвенцијата. Изготвен е прирачник кој општините т.е. нивните комисии или лица задолжени за имплементација на Конвенцијата треба да го консултираат во нивната работа. Исто така изработен е прирачник за изработка на локален план за акција за децата. Но само 40% од општините вклучени во истражувањето се добро запознати со

ова програма додека останатите или не се запознати со програмата или не знаат детали околу неа.

3. И покрај овие предуслови само шест општини подготвиле локални акциони планови за имплементација на Конвенцијата. На пример во Битола и Штип има подготвено целосен план, додека општина Прилеп има подготвено само ситуациона анализа. Од друга страна пак, со исклучок на Гостивар сите општини кои имаат некаква структура за спроведување на Конвенцијата направиле и план за спроведување на Конвенцијата.
4. Локалните институции во мал дел имаат сознанија дека Република Македонија има донесено НАП за заштита на правата на децата. Најинформирани се општините и регионалните канцеларии на МОН, додека половина од испитаните НВОи, од канцелариите на заменикот народен правобранител и скоро 70% од центрите за социјална работа не знаат.
5. Институциите на локално ниво кои беа вклучени во мапирањето, освен канцелариите на заменикот народен правобранител, во поголем дел немаат воспоставено функционална структура за спроведување на Конвенцијата. Најдобра е состојбата во училиштата бидејќи во 51% од нив има некаква структура, додека во над 50% од вклучените регионални канцеларии на МОН, центри за социјална работа и НВОи нема структура.
6. На локално ниво не постои редовна размена на информации помеѓу институциите кои треба да соработуваат по прашања поврзани со спроведување на Конвенцијата. Имено, во оние општини во кои има локален план за акција, другите институции во најголем дел не знаат дека има таков план.

- **Наоди од анализа на документацијата**

НАП за деца е прилично обемен и сеопфатен за сите министерства и предвидува глобални стратегии и активности. Поединечно гледано спроведувањето на планот може да се набљудува во некои области како на

пример во образование, здравство и сл, но анализата на документот покажува дека отсуствува јасен систем во самиот документ за начинот на кој ќе се врши мониторинг и оценка на спроведувањето на планот. Лоцирани се само генерално носителите на планот т.е. Министерствата, но нема информација каков систем се предвидува да се воспостави за спроведување на планот и следење на спроведувањето. Според Извештајот на УНИЦЕФ „Децата во ПЈР Македонија„ исполнувањето на овој план во голема мерка зависи од буџетските реалокации кои се прават за заштита на правата на децата. Истиот извештај констатира дека во Македонија не постои интегриран систем за заштита на децата и нивните права. Заштитата на децата е воглавно организирана со цел да обезбеди социјална заштита.

- **Наоди од мапирањето на институциите**

Од испитаните училишта, 45% немаат воспоставено никаква структура за имплементација на Конвенцијата за заштита на правата на децата. Во оваа категорија на училишта подеднакво учествуваат и основните и средните училишта. Скоро половина од училиштата не знаат дали државата има план за имплементација на Конвенцијата. Информираноста на училиштата е уште помала кога станува збор за план или програма за имплементација на Конвенцијата на локално ниво. Само 29% од испитаните училишта знаат дека локалната самоуправа има план или програма за имплементација на Конвенцијата. Ако се споредат одговорите на училиштата кои велат дека локалната самоуправа има план за имплементација на Конвенцијата по градови, со одговорите на претставниците на општините за истото прашање, видливо е дека 20% од училиштата одговорот го дале само врз основа на претпоставки, а не располагале со релевантни информации.

**Табела 1: Споредба на училишта и општини по прашањето за План за имплементација на Конвенцијата на локално ниво**

| | Дали локалната самоуправа има план или програма за имплементација на Конвенцијата за детски права на локално ниво? | |
|---|---|---|
| | Да – одговори на училиштата | Да – одговори на општините |
| Кавадарци | 1 | 0 |
| Битола | 5 | 1 |
| Куманово | 0 | 0 |
| Штип | 2 | 1 |
| Виница | 1 | 0 |
| Гевгелија | 2 | 0 |
| Прилеп | 7 | 1 |
| Ресен | 0 | 0 |
| Охрид | 0 | 0 |
| Струга | 1 | 1 |
| Дебар | 1 | 1 |
| Гостивар | 6 | 1 |
| Тетово | 2 | 0 |
| Скопје | 2 | 1 |
| **Вкупно:** | **30** | **7** |

Три од испитаните пет Регионални канцеларии на МОН немаат воспоставено никаква структура за имплементација на Конвенцијата за заштита на правата на децата. Канцеларијата во Дебар има сектор кој се занимава со имплементација на Конвенцијата, додека Канцеларијата во Битола има лице кое е задолжено за имплементација на Конвенцијата. Канцелариите во Битола и Гевгелија вклучуваат посебни активности за заштита на правата на децата. Единствено претставникот на Канцеларијата во Куманово не знае дали Република Македонија има План за имплементација на Конвенцијата, додека на локално ниво само Канцелариите во Битола и Гевгелија знаат дека локалната самоуправа има план. Останатите три Канцеларии не знаат дали општината има План или програма за имплементација на Конвенцијата.

Од 44 испитани НВОи кои работат со деца 66% немаат воспоставено структура за спроведување на Конвенцијата за детски права, додека 34% имаат или лице или сектор кои се занимаваат со имплементацијата на

Конвенцијата. Половина од испитаните НВОи не знаат дали Република Македонија има план за имплементација на Конвенцијата за детски права, додека скоро 14% од организациите сметаат дека државата нема план.

**Табела 2: Структура за спроведување на Конвенцијата за детски права**

| | Број на НВОи | Процент |
|---|---|---|
| Имаме сектор задолжен за спроведување на Конвенцијата | 4 | 9,0 |
| Имаме лице задолжено за спроведување на Конвенцијата | 11 | 25,0 |
| Немаме воспоставена структура за имплементација на Конвенцијата | 29 | 66,0 |
| **Вкупно:** | **44** | **100,0** |

Осум од испитаните Центри за социјална работа или 53% немаат воспоставена структура за имплементација на Конвенцијата за детски права. Три центри имаат сектор задолжен за имплементација на Конвенцијата, додека други три имаат лице задолжено за спроведување на конвенцијата. Регионално погледнато, само во шест центри или 40% од испитаните имаат воспоставено структура за имплементација на Конвенција. Тука спаѓаат Гевгелија, Гостивар, Охрид, Скопје, Струга и Тетово.

И покрај тврдењето на 60% од испитаните Центри за социјална работа дека ја консултираат Конвенцијата во нивната работа, само во шест центри или во 40% од испитаните вклучени се посебни активности за заштита на правата на децата во годишните програми. Оваа бројка скоро се поклопува со бројот на испитани центри (33%) кои знаат дека Република Македонија има план за имплементација на Конвенцијата за детски права. Останатите центри не се информирани дали на државно ниво постои план за имплементација на Конвенцијата. Ист е и бројот на центри (67%) кои не се информирани дали локалната самоуправа има план или програма за имплементација на Конвенцијата на локално ниво.

Според наодите од мапирањето многу малку од општините кои беа вклучени имаат воспоставено некаква структура за спроведување на

конвенцијата. Само 4 општини од вкупно 17 опфатени со мапирањето т.е. Битола, Прилеп, Штип и Гостивар имаат тело или комисија, додека во Кавадарци и во Тетово постои општински советник. Значи на ниво на локална власт отсуствува организиран начин за спроведување на Конвенцијата.

**Табела 3: Структура за имплементација на Конвенцијата во општините**

| | Број на општини | Процент |
|---|---|---|
| Имаме сектор задолжен за спроведување на Конвенцијата | 4 | 26,7 |
| Имаме лице задолжено за спроведување на Конвенцијата | 1 | 6,6 |
| Немаме воспоставена структура за имплементација на Конвенцијата | 10 | 66,7 |
| **Вкупно:** | **15** | **100,0** |

60% од општините се информирани дека Република Македонија има План за имплементација на Конвенцијата додека останатите не знаат дали државата има ваков план. На локално ниво, седум општини или 47% од испитаните изјавиле дека општината има план/програма за имплементација на Конвенцијата. Шест од овие општини се информирани дека на државно ниво има План за имплементација на Конвенцијата и најверојатно во изработката на својот локален план/програма го консултирале Планот па затоа и знаат за неговото постоење.

Сите четири Канцеларии на Народниот правобранител имаат воспоставено структура за спроведување на Конвенцијата за заштита на правата на децата. Во две Канцеларии тоа е сектор, додека останатите две имаат лице задолжено за имплементација на Конвенцијата. две од Канцелариите знаат дека Република Македонија има План за имплементација на Конвенцијата, додека останатите две Канцеларии немаат таква информација.

## Сегмент: Соработка со НВО и соработка помеѓу институциите задолжени за спроведување на Конвенцијата

Овој сегмент од областа генерални мерки беше истражуван преку анализа на документација и мапирањето на локалните институции.

- **Резиме**

Институциите на локално ниво генерално известуваат за постоење на некаква меѓусебна соработка по прашања поврзани со Конвенцијата. Најчесто перцепцијата на институциите за тоа со кога имаат најголема соработка не се поклопува. На пример, додека општините изјавиле дека најмногу соработуваат со училиштата, училиштата пак изјавиле дека најмногу соработуваат со центрите за социјална работа. На национално ниво локалните институции најчесто соработуваат со „матичната институција". На пример училиштата и регионалните канцеларии на МОН најмногу соработуваат со МОН. Исклучок од ова се канцелариите на заменикот Народен правобранител кои подеднакво одбрале и други институции со кои соработуваат на национално ниво.

Според информациите од интервјуто со Г-дин Шелдон Јет ( Sheldon Yett), Претставник на УНИЦЕФ и Г- дин Зоран Стојанов, Офицер за мониторирање и евалуација, оваа година потпишан е новиот Акционен план за програмска соработка помеѓу Владата и УНИЦЕФ со цели од 2010 - 2016 година. Планот ги опфаќа истите сфери како и во претходната фаза со тоа што има промена на методите преку кои ќе се спроведуваат активностите. Во тој контекст интервенцијата ќе биде повеќе насочена кон работа со институциите и со Националната комисија за нивна едукација и јакнење на капацитетот за заштита на детските права, како и работа со одделни коалиции на граѓански организации со цел обезбедување на соодветен мониторинг на спроведувањето на Конвенцијата.

- **Наоди од анализата на документација**

Според извештаите на Народниот правобранител, државните институции иако постојано се подобруваат сепак не бележат посебно висок степен на соработка со Народниот правобранител. Народниот правобранител реагира на затвореност на Министерството за образование и на Министерството за внатрешни работи, додека за повеќе институции како на пример за Бирото за развој на образованието, реагира за ненавремено доставување или т.е. недоставување податоци поврзани со етничката распределба на вработените. Исто така Народниот правобранител посочува дека не секогаш институциите реагираат по препораките кои ги дава, па често пати треба да се реагира до Владата за да се постигне при тоа реакција од соодветното Министерство. Народниот правобранител ја навел како позитивна соработката со некои НВО, но тие се воглавно исти секоја година и се застапени во мал број. Имајќи ги во предвид бројните посети и активностите на Народниот правобранител во училиштата може да се каже дека училиштата воглавно добро соработуваат со Народниот правобранител на национално ниво.

- **Наоди од мапирањето**

Училиштата на локално ниво најмногу соработуваат со Центрите за социјална работа. За две групи училишта од по 15%, НВОи и подрачните единици на МОН се институции со кои тие најмногу соработуваат по прашања поврзани со имплементацијата на Конвенцијата. Само 2 училишта избрале дека за прашања поврзани со Конвенцијата најмногу соработуваат со Народниот правобранител за детски права! На прво место по соработка на национално ниво е МОН. Бројот на училишта кои на национално ниво соработува само со една институција по прашања поврзани со Конвенцијата драстично се зголемува во споредба со соработката само со една институција на локално ниво.

40% од општините велат дека за прашања поврзани со Конвенцијата најмногу соработуваат со училиштата. На национално ниво, половина од

општините соработуваат само со една институција. Кога треба да ја идентификуваат институцијата со која најмногу соработуваат, тоа е МОН со кое соработуваат 40% од општините, следено од МТСП со кое соработуваат 33% од општините

Според Регионалните канцеларии на МОН кои беа вклучени во истражувањето, на локално ниво соработуваат со повеќе институции по прашања поврзани со Конвенцијата, меѓутоа најмногу соработуваат со училиштата - сите пет Канцеларии ги избрале училиштата како институција со која најмногу соработуваат. Ваквиот одговор е разбирлив ако се има предвид дека главниот фокус во работата на Канцелариите се училиштата и нивната работа.

На национално ниво, Регионалните канцеларии на МОН најмногу соработуваат со МОН и за три од нив Министерството е единствена институција со која соработуваат по прашања поврзани со имплементација на Конвенцијата. Канцелариите во Битола и Куманово спомenале дека и покрај тоа што најмногу соработуваат со МОН имаат соработка и со НВОи, Народниот правобранител за детски права и Министерството за труд и социјална политика.

НВОи вклучени во истражувањето на локално ниво соработуваат со повеќе различни институции по прашања поврзани со Конвенцијата за детски права, но најчесто соработуваат со училиштата. За споредба, училиштата одговориле дека НВОи се на второ место како институција со која најмногу соработуваат, после Центарот за социјална работа Што се однесува до соработката на НВОи со институциите на национално ниво по прашања поврзани со Конвенцијата за детски права, 59% од организациите најчесто соработуваат со други НВОи кои работат на национално ниво. Најмалку организациите соработуваат со Народниот правобранител за детски права.

20% од испитаните Центри за социјална работа не соработуваат со ниту една институција. Кога Центрите за социјална работа треба да се определат за една институција со која најмногу соработуваат на локално ниво, најголем дел од центрите кои соработуваат со други институции 47%, ги одбрале училиштата како институција со која најмногу соработуваат, а потоа следува локалната самоуправа. На национално ниво, соработката на Центрите за социјална работа најмногу е сконцентрирана на соработка со МТСП и невладините организации (НВОи).

Канцелариите на заменикот Народен Правобранител соработуваат со повеќе институции, но најмногу соработуваат со училиштата. За споредба, само 16 училишта од 105 анкетирани го споменуваат Заменикот народен правобранител како институција со која соработуваат на локално ниво, а само едно училиште го избрала Заменик народниот правобранител како институција со која најмногу соработуваат на локално ниво. Само еден од Замениците народни правобранители го избра Народниот правобранител за детски права како институција со која најмногу соработува по прашањата за имплементација на Конвенцијата. Останатите на национално ниво соработуваат со повеќе институции.

И покрај фактот што различните институции соработуваат меѓу себе на локално ниво, институција со која најмногу се соработува се училиштата што е разбирливо ако се има во предвид дека децата како нивна целна група во имплементацијата на Конвенцијата се лоцираат токму во училиштата (Дијаграм 1). Единствено училиштата го одбрале Центарот за социјална работа.

**Дијаграм 1: Институција со која најмногу соработуваат на локално ниво**




## Сегмент: *Дисеминација на Конвенцијата*

Овој сегмент од областа генерални мерки беше истражуван преку анализа на документација, мапирањето на локалните институции и анкета со децата. При тоа покрај информациите за дистрибуција на информации и материјали кои ја пренесуваат содржината на Конвенцијата, како показател беа познавањата на институциите и на децата за содржината на Конвенцијата како и примената на Конвенцијата во пракса.

- **Резиме**

1. Сите институции на локално ниво се запознаени со содржината на Конвенцијата, а најголемиот дел од нив и ја консултираат во нивната работа. Сепак процентот на оние која ја консултираат Конвенцијата е скоро за третина  помал за разлика од оние кои рекле дека се запознати со неа, што укажува и на недоволна примена на Конвенцијата во праксата. На пример иако 9 општини изјавиле дека ја консултираат Конвенцијата, само 5 од нив успеале да се сетат на случај кога тоа го направиле. Кај училиштата пак постои и тврдењето

дека одредбите од Конвенцијата се вклучуваат преку активности во нивните годишни програми.

2. Најголем од децата не знаат што е Конвенцијата за детски права. Според анкетата само 31% знаат дека Конвенцијата е документ за заштита на детски права. При тоа најголемиот дел од децата или не ја виделе Конвенцијата или не се сигурни дека ја виделе.
3. Иако генерално децата ги избираат и препознаваат детските права сепак 71% од нив одговориле дека делумно знаат за детските права. Најголемиот дел од нив го препознаваат правото на образование како детско право, па потоа правото да кажат што мислат, па правото на живот и последователно правото на заштита од насилство, правото да учат на мајчин јазик, правото на одмор и игра и правото на приватност.
4. Не сите родители се запознаени со Конвенцијата за правата на детето. Тие што се запознаени ја идентификуваат како меѓународен договор со специфични права, документ со обврски, документ кој Собранието на Република Македонија го има ратификувано во нашата земја. Повеќето од родителите никогаш не ја виделе ниту ја прочитале Конвенцијата. Родителите не се запознаени со сите права на нивните деца и не се информирани кај кого треба да се обратат доколку на нивните деца им е прекршено некое право.

- **Наоди од анализа на документација**

Според извештаите од Народниот правобранител, тој веќе од 2001 година презема активности со цел запознавање на децата и возрасните со Конвенцијата. За таа цел Народниот правобранител организирал повеќе консултативни сесии за ученици, изработил и испечатил брошури за Конвенцијата на повеќе јазици како и брошури со користење на Брајова азбука.

Според анализата на спроведувањето на програмата Училиште по мерка на детето, од страна на државата, општините МОН и училиштата нема некои посебни активности за дисеминација на Конвенцијата. Оваа анализа наведува дури дека училиштата иако тврдат дека ја знаат Конвенцијата, имаат всушност магловита претстава за Конвенцијата и дека понекогаш може да се најде по некој примерок од Конвенцијата во некои од училиштата.

- **Наоди од мапирањето**

На 93% од испитаните училишта содржината на Конвенцијата им е позната, додека 66% велат дека ја консултираат Конвенцијата во својата работа, а 76% од училиштата вклучиле активности за заштита на правата на децата во нивните годишни програми. Сепак, само мал број на училишта – 38% наведоа конкретни примери кога ја консултирале Конвенцијата.

Претставниците на Регионалните канцеларии на МОН во Битола, Гевгелија и Куманово се запознати со содржината на Конвенцијата и ја консултираат во својата работа по прашања кои се поврзани со Конвенцијата. Врз основа на Конвенцијата т.е. правото на образование, Канцеларијата во Битола презела иницијатива за отворање на три паралелки во средните училишта за деца со посебни потреби и градинки во три рурални средини.

Само 11% од НВОи кои учествуваа во истражувањето не се запознати со содржината на Конвенцијата за детски права. Генерално тоа се организации на кои работата со деца им претставува само еден сегмент од нивното работење т.е. децата или не им се главна целна група, или човековите права не се нивна специјалност. Сепак, познавањето на содржината на Конвенцијата од страна на 89% од НВОи, не значи и дека организациите кои ја познаваат Конвенцијата во исто време и ја консултираат во нивната

работа. Резултатите од истражувањето покажуваат дека 64% од НВОи организации ја консултираат Конвенцијата во работењето.

**Ситуации во кои НВОи ја консултирале Конвенцијата за детски права**

- барање на родителите да се покрене иницијатива за тестирање за користење на таблети `екстази` во едно средно училиште
- организирање на форум на тема „Стоп за насилството врз децата“
- за злоупотреба на детски труд и принуда за учество во кражби
- семејно насилство
- при спроведување на активности во рамките на еден проект кој се занимава со адресирање на расизмот
- лекување на дете кое немало здравствено осигурување
- работа со деца од улица
- физички напад врз дете од страна на наставник
- организирање на обука за запознавање на децата со нивните права
- при објавување на сторија и слика од дете (барање на согласност од родителите)
- при изработка на прашалници за потребите на одреден проект
- при напуштање на образованиот процес од страна на децата
-

Иако помалку од половината од испитаните Центри за социјална работа имаат структура за имплементација на Конвенцијата, сите се запознаени со нејзината содржина и 60% ја консултираат во нивната работа. Претставниците на Центрите наведуваат дека Конвенцијата ја користат во случаи како што се полов напад врз дете со пречки во развојот од страна на родител, откажување од бебе кое се родило со срцева мана, злоупотреба на детски труд, право на детето да го посетува родителот кој не живее со него.

Иако значителен број од општините немаат структура за имплементација на Конвенцијата 11 од нив се запознати со нејзината содржина, а 9 ја консултираат во нивната работа. Иако девет општини ја консултираат Конвенцијата, само пет можеле да се сетат на конкретен случај кога тоа го направиле.

Сите Заменици Народни правобранители се запознаени со содржината на Конвенцијата, но во својата секојдневна работа ја консултираат само две од Канцелариите.

- **Наоди од анкетата и фокус групите со децата, како и наоди од фокус групите со родители**

Децата не знаат што е Конвенцијата за детски права. Најголем дел од испитаниците сметаат дека Конвенцијата е Организација за заштита на детски права (40%), 19% воопшто не знаат што е Конвенцијата, а 31% го даваат точниот одговор дека е Документ за детски права. Децата од Ресен, Охрид и Прилеп во значително поголем број одговориле дека Конвенцијата е документ за детски права додека пак децата од Дебар во најголем дел одговориле неточно, споредбено со сите други.

**Графикон 1: Што е конвенција за правата на детето**



Најголем дел од испитаниците (46.6%) не ја виделе Конвенцијата, т.е. не се сигурни (32.8%) дали ја виделе.
Најголемиот дел од децата (72%) делумно знаат за детските права.

**Графикон 2: Што знаеш за детските права?**




71% од децата на ниво на цел примерок го препознаваат правото на образование, потоа следува правото на децата да кажат што мислат (677 деца или 62%), на трето место е правото на живот за кое се определиле 661 дете или 61%, потоа 628 деца или 58% го одбрале правото на заштита од насилство, 518 или 48% го одбрале  правото на децата да го користат својот мајчин јазик, 475 деца или 44% го одбрале правото на одмор и игра а 361 дете или 33% правото на приватност.

Според реализираните фокус групи со деца, една третина од децата на возраст од 9 – 12 години не знаат за Конвенцијата за правото на детето,

додека голем дел од децата кои знаат за неа не знаат точно што е тоа ниту некогаш во животот ја виделе. Децата кои знаат за неа ја опишуваат како книга која ги заштитува нивните права; пишани правила кои што се изучуваат; права и слободи кои што ги има едно дете; права на децата меѓу кои и право да одат на училиште и да прават што сакаат; документ каде детето има право на училиште.  Во однос на правата кои ги познаваат најчесто го наведуваат образованието, потоа здравствена грижа, сопствено мислење и изразување, право на живот, право на игра, заштита од злоупотреба на детскиот труд, заштита од насилство, право да не бидат одвоени од своите родители. Дел од децата не ја разбираат суштината на правата и тие ги поврзуваат со правила на однесување како на пример не треба да фрлат отпадоци, не треба да се тепаат, не треба да се збори лоши работи, итн.

Фокус групите со родителите покажаа дека не сите родители се запознаени со Конвенцијата за правата на детето. Тие што се запознаени ја идентификуваат како меѓународен договор со специфични права, документ со обврски, документ кој Собранието на Република Македонија го има ратификувано во нашата земја. Повеќето од родителите никогаш не ја виделе ниту ја прочитале Конвенцијата. Но родителите сепак успеваат да набројат неколку основни права за кои чуле како право на живот, на образование, здравство, грижа на родителите, социјална заштита. Најчесто прекршувано право според нивно мислење е правото на заштита од дискриминација. Родителите и нивните деца при прекршување на правата најчесто се обраќаат на класниот раководител, педагогот и психологот. Во Скопје учесниците ги навеле и СОС телефон, Меѓаши, Полиција, Социјално и Психолог и Педагог.

## *4.2 Генерални принципи*

### Сегмент: Право да се слушнат и земат во предвид мислењата и ставовите на децата

- **Резиме**

1. Институциите на локално ниво имаат предвидено некакви начини за да го побараат мислењето на децата или пак да ги вклучат децата во донесувањето одлуки. Но во пракса нема конкретни насоки или активности преку кои тоа се прави. Исто така, барањето мислење по одредени прашања и вклучувањето на децата во одлучување како термини се испреплетуваат и се заменуваат едно со друго, иако станува збор за различни категории.

2. Кај училиштата преовладува вклученост на децата во прашања кои не се многу суштински за развојот на децата како демократски индивидуи што е зацртано и со Националниот акционен план за образование. НВОите во најголем дел го бараат мислењето на децата кога ги креираат нивните програми и активности најчесто во случаите поврзани со образованието и со ефективно искористување на слободното време.

3. Општините не ги вклучуваат децата директно ниту во донесување одлуки ниту во процеси на креирање годишни програми и активности за деца. 53% од општините немаат структура преку која децата може да се вклучат во донесувањето на одлуки. Тоа го прават преку НВОите кои работат со деца и преку родителите.

4. Кај центрите за социјална работа заклучокот е дека децата се вклучуваат тогаш кога тоа е предвидено според законот. Многу малку постои самоиницијативност за вклучување на децата и во други ситуации кога нивното мислење не е задолжително.

5. Според заменикот народен правобранител мислењето на децата се добива кога ќе излезат на терен за да разговараат со децата или кога децата ќе дојдат кај нив да пријават некој случај.

6. Најчесто институциите ги информираат децата за детските права преку печатени материјали и преку медиумите.

7. Кај дел од институциите постои СОС телефон, но сепак пристапот на децата е ограничен бидејќи се работи за мал број СОС телефони. 2 општини имаат СОС телефони, 4 центри за социјална работа, 2 регионални канцеларии на МОН, два заменици Народни правобранители.

8. 81% од децата знаат и сметаат дека треба да учествуваат во донесувањето одлуки. Истовремено сметаат дека во училиштето тие не ги донесуваат одлуките ниту пак возрасните (наставниците и родителите) ги консултираат. Исто така 41% од децата воопшто не се информирани како општината ги донесува одлуките кои се битни за нив, а 35% сметаат дека самостојно ги донесува одлуките.

9. На ниво на семејство децата сметаат дека се повклучени во донесувањето одлуки и најчесто изјавуваат дека родителите прво ги прашуваат нив па потоа ја донесуваат одлуката. Соодветно на ова, децата имаат најголема доверба да се обратат

кон некој член во семејството кога им се повредени правата, т.е. во најголем број случаи тоа е мајката. Исто така родителите се тие кои најчесто го бараат мислењето на децата, но и најчесто го прифаќаат. Наставниците се рангираат воглавно на крајот.

10. 72% од децата се задоволни од грижата што возрасните им ја пружаат.

- **Наоди од анализа на документација**

Во извештаите на Народниот правобранител се спомнува постојано правото на учество на децата и правото на изразување на мислењето, но многу малку има конкретни случаи или ситуации во кои Народниот правобранител укажува дека реагирал за запазување на ова право. Најчестите примери се однесуваат на вклучување на децата во донесување одлуки или во изразување на нивното мислење во ситуации кога тоа го бара законот. Такво регулирање има во регулативата од областа на социјалната сфера во која се прецизира правото на детето да го даде своето мислење како и случаите кога детето има право да учествува во донесувањето одлуки кои се битни за него. Така според Законот за семејство и измените и дополнувањата на овој закон во 2004, 2006 и 2008 надлежната институција треба да ги земе во предвид ставовите и мислењата на детето дали сака да одржува контакти со родителот со кој не живее. Оваа обврска да го земат во предвид мислењето на детето е на ЦСР, но често пати децата не се прашувани за мислење или пак според заклучокот на Народниот правобранител, мислењето го даваат под влијание на другиот родител. Во истиот закон при признавање на татковството се бара задолжителна согласност од детето доколку тоа има наполнето 16 години. Детето има право да оспорува татковство и мајчинство и може да поднесе тужба се до наполнување на 21 година. Во истиот закон по однос на посвојувањето при воспоставување на односи помеѓу сите страни вклучени во посвојувањето се зема во предвид и волјата на детето ако е постаро до 10 години. Исто така доколку детето кое се посвојува е постаро од 10 години потребна и негова согласност за посвојување, а при чинот на

посвојувањето присуствува и детето доколку е постаро од 10 години. Дете кое наполнило 15 години може самостојно да заснова работен однос и да располага со својата плата без претходно одобрение од неговиот законски застапник.

Во 2004 година Заменик Народниот правобранител за детски права известува за воспоставување на Одбор на деца составен од претставници на основните и средните училишта. Целта на Одборот покрај континуирана едукација на децата е и да се слушне мислењето на децата. Овој Одбор е воспоставен со соработка помеѓу Заменик Народниот правобранител за детски права и канцеларијата на УНИЦЕФ. Следните две – три години Заменик Народниот правобранител за детски права известува дека Одборот продолжува со своите активности. Според информациите добиени од разговорот со Заменик Народниот правобранител Г-ѓа Невенка Крушаровска, Одборот за деца опфаќал деца од целата територија на Република Македонија. Изборот на децата првата година бил според предлог на МОН, додека во следната година членството на Одборот се надополнувало и со номинирање на деца од страна на училиштата, а по иницијатива на Заменик Народниот правобранител за деца. Трошоците за состанување на Одборот ги покривал донаторот, т.е. УНИЦЕФ и по престанувањето на проектот, и покрај тоа што се правени напори да се обезбедат основни трошоци за децата да доаѓаат на средбите сепак Одборот полека замрува со функционирањето. Одборот изработил документ - Информација до МОН во која се дадени мислења и ставови на децата за одредени измени кои би требало да се преземат со цел подобра заштита на нивните права. Ако се разгледаат иницијативите на Заменик народниот правобранител и она што е наведено како барања на децата во Информацијата, може да се заклучи дека Заменик народниот правобранител за детски права покренал еден дел од тие барања на децата и дел од нив се задоволени, како на пример барањата за забрана на рекламирање на цигари и алкохол и продажба на алкохол на малолетни лица.

**Законот за основно образование** не предвидува никакви мерки за директно вклучување на мислењето на децата. Интересите на децата во основното образование се претставени преку нивните родители и нивното учество во телата на училиштето. Така, според Законот за основно образование од 2002, и покрај тоа што на ученикот треба да му биде овозможено да учествува при оценувањето на неговите знаења и треба да биде запознаен со оценката (член 53) само родителот е наведен дека има право да поднесе приговор доколку не е задоволен од оценката (член 65). Законот од 2008 воопшто не ја наведува обврската да се извести ученикот туку само да се извести родителот најмалку двапати во секое полугодие (член 67). За разлика од стариот закон дополнува дека „ако ученикот или родителот не е задоволен од годишната оценка " но повторно правото на приговор го дава само на родителот. (член 72 (2)).

Учеството на родителите во училиштето е предвидено преку Советот на родители и Училишниот одбор. Советот на родители според Законот од 2002 имал улога да ја следи, разгледува и дава мислење за остварувањето на воспитно-образовната работа (член 116). Работата и изборот и организацијата на советите била регулирана со статутите на основните училишта (член 116).

Со Законот од 2008 е дадена поголема улога на Советите на родителите кои според овој закон се формирани за организирано остварување на интересите на учениците (член 145). Советот генерално учествува во дефинирање на програмата за работа, ги разгледува стандардите за спроведување настава и предлага нови и избира свои претставници во Училишниот одбор. (член 145 (4)). Тројца претставници од советот на родители се вклучени и во органот за управување на училиштето - Училишниот одбор (Закон 2002 член 109, Закон 2008 член 124). Со тоа на претставници на родителите им е дадено право да одлучуваат за одредбите

во статутот на училиштето, годишната програма за работа, да предлагаат именување и разрешување наставници и директор и да одлучуваат по жалби на родители и вработени. (2008 член 126 (1))

**Законот за средно образование** (52/2002) од друга страна пак, предвидува дека доколку ученикот не е задоволен со некои од годишните оценки има право да поднесе приговор до наставничкиот совет (член 58). Во однос на мислење за воспитно-образовната работа, повторно и во средното образование е предвидено само родителите да можат да го дадат своето мислење преку Советот на родители. Како и во основното образование тројца претставници од Советот на родители се членови на Училишниот одбор (закон 52/2002 член 99, Измени и дополнувања 67/2004). Со измените во 2004 се предвидени многу слични обврски за училишниот одбор како и во основните училишта со тоа што овие одбори во средните училишта вршат и именување и разрешување на директор.

Учеството во одлучување на децата преку своите родители е исто така ограничено. Додека Законот за основно од 2002 и Законот за средно предвидуваат дека бројот и изборот на членовите на советите на родители се регулирани со статути на училиштата, Законот за основно од 2008 година прецизира дека во советот има по еден родител од секоја паралелка којшто го избираат родителите од паралелката (член 145). Со ова се ограничува можноста училиштето да најде начин за вклучување на родители од маргинализирани групи.

Националниот план за акција за правата на децата во Република Македонија меѓу другото има за цел:

*„Да се слушне мислењето на децата за сите прашања што се однесуваат на нивните права и интереси, односно да се вклучат децата со свои одлуки и мислења за прашањата поврзани со остварувањето и заштитата на нивните права со нивно активно учество во училишните совети, општинските совети, со отворање на младински центри и на други начини;“*

Меѓутоа понатаму учеството на децата е спомнато само во стратешката цел 2 – Формирање училишта по мерка на децата каде е предвидено дека:

*„Децата ќе можат слободно да анализираат и да партиципираат во училишните и вон-училишните активности;“*

Во останатите стратешки цели кои се однесуваат на квалитетот и опфатот во образованието не се предвидени начини да се чуе мислењето на децата по однос на овие проблеми.

**Националната програма за развој на образованието (НПРО)** ја наведува потребата за партиципација на младите во својата стратешка област Зголемување на социјалната партиципација, како и во Програмата за развој на средното и на постсредното образование. Според НПРО партиципацијата на младите е најбитен фактор за намалување на ексклузијата на оваа група (стр.51), и стимулирањето на оваа партиципација, наоѓањето форми за учество во донесувањето на одлуки битни за школувањето, како и учество во евалуација на наставните содржини и наставниот кадар мора да стане дел од идните правни решенија (стр203).

Во рамки на законската регулатива поврзана со локалната самоуправа не постојат одредби со кои би се регулирало учеството на децата во одлучувањето и случаите во кои општините треба задолжително да го овозможат учеството на децата.

- **Наоди од мапирањето**

Сите освен пет училишта кои не одговориле имаат некаков механизам или процедури преку кои се дефинира партиципацијата на учениците. 40% од училиштата ваков механизам за партиципација на децата имаат во програмата за работа на училиштето, додека кај 28% од училиштата тоа е регулирано во статутот на училиштето. Како механизми за учество на

децата се потенцираат анкетите, претставници на учениците во ученичките заедници, преставување преку одделенски/класни раководители, писмени барања подготвени од учениците, родителски совети и неформални разговори со учениците и наставниците. Иако најголем дел од училиштата ги користат овие механизми за да го добијат мислењето од учениците за квалитетот на наставата, сепак во пракса тие механизми најчесто се користат за да се добие мислењето од учениците за екскурзии прослави.

32 од училиштата одговориле дека понекогаш децата имаат право да учествуваат во донесувањето на одлуки, додека за 65 училишта децата секогаш имаат право да учествуваат во донесувањето на одлуки. Меѓутоа во случај кога училиштата треба да наведат конкретни случаи во кои децата учествувале во донесувањето на одлуки, одговорите се сведуваат на учество во донесување на одлуки за организирање на екскурзии (37 училишта), учество во планирањето на слободните активности (22 училишта), одлучување за селекција на изборни програми (17 училишта) и организирање на матура/полуматура (17 училишта). Само две училишта изјавиле дека ги вклучиле децата во донесувањето на годишните програми на училиштето, а само едно училиште ги вклучило децата во донесување на одлука за избор на учебник.

Кога учениците чувствуваат дека некое нивно право е загрозено можат да се обратат и до класниот раководител и до стручната служба и до директорот според 79% од училиштата. Но во пракса, учениците подеднакво се жалат кај класниот раководител и кај стручната служба, а многу помалку кај директорот. Практиката исто така покажува дека најчестата причина заради која се жалат учениците е правото да кажат што мислат и правото на заштита од насилство.

Анкетите се најзастапен механизам преку кој Регионалните канцеларии на МОН го добиваат мислењето на децата за прашања од нивна надлежност како што се квалитетот на наставните програми или одредени законски и

подзаконски решенија. Три од Канцелариите немаат утврдени процедури или правилник за вклучување на децата во донесувањето на одлуки, па сепак во случаите кога треба да ги вклучат децата три Канцеларии тоа го прават по добиен согласност од родителите. Две од Канцелариите, во Гевгелија и Куманово имаат тело или СОС телефон на кој децата можат да пријават повреда на нивните права. Најчесто пријавите се поврзани со успехот во училиштата или со психичко и физичко малтретирање како од страна на наставниците или соучениците.

Најголем дел од испитаните НВОи – 61% секогаш ги прашуваат децата за мислење при дефинирање на нивните програми и активности. Во помал број – 36% понекогаш практикуваат да ги прашаат децата во време кога ги дефинираат нивните програми и активности. НВОи најчесто користат три механизми – неформални разговори со децата (18%), анкети (14%) и фокус групи (14%).

**Табела 4: Механизми кои ги користат НВОи за да го добијат мислењето на децата**

| | Број на НВОи | Процент |
|---|---|---|
| Преку анкети | 6 | 13,6 |
| Преку фокус групи | 6 | 13,6 |
| Преку анкети, неформални разговори со децата и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку анкети и фокус групи | 2 | 4,5 |
| Преку неформални разговори со децата и врз основа на претходно имплементирани активности | 4 | 9,1 |
| Преку анкети и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку анкети, фокус групи и неформални разговори со децата | 1 | 2,3 |
| Сите наведени | 1 | 2,3 |
| Преку анкети, неформални разговори со децата, родителите, наставниците и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку фокус групи, неформални разговори | 1 | 2,3 |
| Преку неформални разговори со децата, преку родителите, наставниците и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку неформални разговори со децата кои се директни корисници на вашите услуги | 8 | 18,2 |
| Преку родителите | 1 | 2,3 |
| Врз основа на претходно имплементирани активности | 2 | 4,5 |
| Преку анкети, неформални разговори со децата и родителите | 1 | 2,3 |
| Преку анкети и неформални разговори со децата | 4 | 9,1 |
| Преку фокус групи, неформални разговори и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку неформални разговори со децата, преку родителите и наставниците | 2 | 4,5 |

| | Број на НВОи | Процент |
|---|---|---|
| Преку анкети | 6 | 13,6 |
| Преку фокус групи | 6 | 13,6 |
| Преку анкети, неформални разговори со децата и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку анкети и фокус групи | 2 | 4,5 |
| Преку неформални разговори со децата и врз основа на претходно имплементирани активности | 4 | 9,1 |
| Преку анкети и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку анкети, фокус групи и неформални разговори со децата | 1 | 2,3 |
| Сите наведени | 1 | 2,3 |
| Преку анкети, неформални разговори со децата, родителите, наставниците и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку фокус групи, неформални разговори | 1 | 2,3 |
| Преку неформални разговори со децата, преку родителите, наставниците и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку неформални разговори со децата кои се директни корисници на вашите услуги | 8 | 18,2 |
| Преку родителите | 1 | 2,3 |
| Врз основа на претходно имплементирани активности | 2 | 4,5 |
| Преку анкети, неформални разговори со децата и родителите | 1 | 2,3 |
| Преку анкети и неформални разговори со децата | 4 | 9,1 |
| Преку фокус групи, неформални разговори и врз основа на претходно имплементирани активности | 1 | 2,3 |
| Преку неформални разговори со децата, преку родителите и наставниците | 2 | 4,5 |
| **Вкупно:** | **44** | **100,0** |

Секоја од организациите бара мислења за прашања и теми кои се во доменот на работа на самата невладина организација, а најчесто се бара мислење за проблемите и потребите во рамките на образованието, како и за потребите на децата за продуктивно користење на слободното време. При донесување на одлуки за своите програми/проекти/активности 54% од испитаните НВОи секогаш ги вклучуваат децата, додека 41% од организациите имаат практика понекогаш да ги вклучуваат децата во донесувањето на одлуки. Според НВОи, децата се вклучуваат во донесување на одлуки по разни прашања, но најчесто 25% од организациите ги вклучуваат во донесување на одлуки за вид на програма/проект/активност која би требало да ја реализира организацијата. Во донесувањето на одлуки за методот на спроведување на програмата/проектот/активноста, 18% од НВОи ги вклучуваат децата, додека 16% од организациите ги вклучуваат децата во донесување на одлуки за времето на одржување на

програмата/проектот/активноста. 57% од НВОи имаат воспоставено тело/позиција кое се грижи децата да се вклучат во донесувањето на одлуки. Најчесто тоа е координатор на програма која работи со деца или волонтер. Многу мал процент на НВОи – само 9% имаат тело или СОС телефон на кој децата можат да пријават повреда на некое нивно право.

Подеднаков број на Центри за социјална работа секогаш бараат мислење од децата за прашања кои ги засегаат нив, и бараат мислење само тогаш кога е тоа утврдено со закон. Овие две категории претставуваат 80% од испитаните центри. Меѓутоа кога станува збор за тоа колку често мислењето на детето се зема во предвид само 47% од испитаните центри изјавиле дека тоа често го прават. Пет од центрите кои секогаш бараат мислење од децата, исто така често (83%) го земаат во предвид мислењето на децата при донесување на одлука. Само 27% од центрите имаат утврдени процедури или правилник за вклучување на децата во донесувањето на одлуки. Во ист процент – 27%, центрите ги вклучуваат децата кога е тоа утврдено со процедурите/правилникот, додека 33% од центрите ги вклучуваат децата во донесувањето на одлуките по добиена согласност од родителите. Само четири центри за социјална работа имаат тело или СОС телефон на кој децата можат да пријават повреда на некое нивно право: Кавадарци, Гевгелија, Тетово и Штип, што значи дека на значителен број на деца им е оневозможено да се обратат самоиницијативно до центрите за да пријават повреда на некое право.

Според испитаните општини, 73% ја користат можноста да го добијат мислењето од децата по прашања кои се важни за нив. За тоа користат различни механизми, но најголем дел од општините - 27% тоа го прават само преку контакти со наставничкиот кадар во училиштата без остварување на директен контакт со децата. Само две општини практикуваат директен контакт со децата за да го добијат нивното мислење, додека една општина тоа го прави и преку општинското тело во кое учествуваат децата. Само пет од општините навеле конкретни случаи кога

побарале мислење од децата. Две од општините тоа го направиле за да го добијат мислењето на децата при изработката на локалните планови за имплементација на Конвенцијата, една општина ги прашала децата за мислење за меѓуетнички конфликти, додека останатите две општини сакале да го добијат мислењето на децата за организацијата на бесплатниот превоз и условите за работа во училиштата. Само четири општини или 27% од испитаните имаат процедури за начинот на учество на децата во донесувањето на одлуки.

53% од општините немаат структура преку која децата може да се вклучат во донесувањето на одлуки. Останатите може да ги вклучат децата во донесувањето на одлуки преку комисиите за правата на децата или општинскиот советник задолжен за правата на децата, додека општина Карпош тоа го прави преку Советодавно крило на ученици.

**Табела 5: Структура преку која општините го добиваат мислењето на децата**

| | Број на општини | Процент |
|---|---|---|
| Комисија за правата на децата | 4 | 27,0 |
| Општински советник задолжен за правата на децата | 2 | 13,0 |
| Друга структура | 1 | 7,0 |
| Не постои структура | 8 | 53,0 |
| **Вкупно:** | **15** | **100,0** |

Тринаесет од испитаните општини ги вклучуваат децата во донесувањето на програмите на општините, но најчесто (40%) тоа го прават преку претставници на невладините организации кои работат со деца. Следствено, 27% од општините мислењето го добиваат од возрасните кои во исто време се и родители и ги претставуваат децата. Само 20% од општините децата ги вклучуваат преку нивни претставници во општинското тело. Општините користат повеќе различни механизми за да ги информираат децата за нивните права, но најчесто тоа го прават преку брошури и други печатени материјали (40%) или преку медиумите (27%)

Само две општини имаат тело или СОС телефон на кој децата може да пријават повреда на некое нивно право.

Три од Канцелариите на заменикот Народен Правобранител го добиваат мислењето на децата преку излегување на терен и водење разговори со децата, додека една од Канцелариите покрај овој начин ги прашуваат децата и во случаи кога децата доаѓаат да ги посетат, а добиваат информации и од НВОи кои работат со деца. Две од Канцелариите имаат процедури/правилник за вклучување на децата во процесот на одлучување, но само една од нив ги вклучува децата во донесувањето на одлуки секогаш кога се засегнати. Две Канцеларии ги вклучуваат децата по добиена согласност од родителите. Сите четири канцеларии користат повеќе од еден начин преку кои ги информираат децата за нивните права, но три од нив најчесто користат брошури или други печатени материјали за да ги информираат децата за нивните прави. Една од канцелариите се определила за едукативните работилници. Две од Канцелариите имаат тело или СОС телефон на кој децата можат да пријават повреда на нивните права, а една Канцеларија има посебен телефон на кој децата може да ги поднесат своите пријави

- **Наоди од анкетата и фокус групите со деца, како и наоди од фокус групите со родители**

Децата имаат најголема доверба во мајката и најпрво неа и се обраќаат кога им е повредено некое право. 47% од испитаниците ја избираат мајката на прво место, па потоа следува таткото но двојно помалку испитаници се определуваат за оваа варијанта 20%. 10% од испитаниците одбрале другари/другарки. Анализирано според полот на испитаниците значително поголем процент девојчиња се обраќаат кај мајката (57%) за разлика од машките (38%). На ниво на градови децата од Тетово во незначително поголем број го одбираат таткото како некој на кој прво му се обраќаат кога им е повредено некое право. Потоа следува мајката. Исто така Во Охрид

освен мајката кон која децата имаат најголема доверба на второ место како субјект на кој се обраќаат кога им е повредено некое право се другарите/другарките.

Децата одговориле дека родителите најчесто го бараат нивното мислење (52 %), а потоа следуваат другарите/другарките (24%). Само кај децата од Ромска и Влашка припадност наставниците се на трето место како субјекти кои го бараат нивното мислење, додека кај другите деца наставниците се рангираат од 5 место надолу. Според возраста како растат годините така се намалува процентот на испитаници кои ја одбрале варијантата дека најчесто Родителите го бараат нивното мислење и обратно како растат годините така расте процентот на оние кои ја одбираат варијантата Другарите/другарките како субјекти кои најчесто го бараат нивното мислење.

**Табела 15: На кого се обраќаш најчесто кога ти е повредено некое право?**

| | Број на испитаници | Во % |
|---|---|---|
| Нема одговор/одбива | 13 | 1,2 |
| Мајка | 515 | 47,6 |
| Татко | 222 | 20,5 |
| Брат | 43 | 4,0 |
| Сестра | 44 | 4,1 |
| Наставници | 38 | 3,5 |
| Училишниот педагог, психолог или социјален работник | 40 | 3,7 |
| Верско лица | 13 | 1,2 |
| Другарите/другарките | 108 | 10,0 |
| На детски СОС телефон | 7 | ,6 |
| Не се обраќам кај никој | 39 | 3,6 |
| **Вкупно:** | **1082** | **100,0** |

**Табела 16: Кој најчесто го бара твоето мислење?**

| | Број | Во % |
|---|---|---|
| Нема одговор/одбива | 5 | ,5 |
| Родители | 562 | 51,9 |
| Брат | 70 | 6,5 |
| Сестра | 94 | 8,7 |
| Наставници | 59 | 5,5 |
| Другари/другарки | 258 | 23,8 |
| Никој не го бара | 34 | 3,1 |
| **Вкупно:** | **1082** | **100,0** |

На прашањето Дали мислењето кое ти го даваш се прифаќа?најголем дел од испитаниците одговориле Понекогаш се прифаќа (74%). Од оние кои рекле дека никогаш не се прифаќа најголем дел се од Скопје. Оние што најчесто го бараат мислењето (родителите) тие најчесто и го прифаќаат (47.2%). За втората одбрана варијанта (другарите/другарките) тој процент е 30%.

Децата позитивно се изјаснуваат во однос на грижата што возрасните им ја пружаат. На прашањето Дали сметаш дека возрасните луѓе околу тебе доволно се грижат за твоите права? најголем дел од испитаниците се определиле за варијантата Да, се грижат се чувствувам потполно заштитено (41%) или за варијантата Главно се грижат, не ми фали ништо важно (31%). Според возраста најзаштитени се чувствуваат децата од 13 години (46%), иако процентот и на децата од другите возрасни групи кои се определиле за оваа варијанта е близок (37 – 46%). Анализирајќи ги одговорите кои вклучуваат негативни варијанти, поголем процент од машките (13%) сметаат дека возрасните не се грижат доволно, се чувствуваат запоставени, за разлика од девојчињата (6%). Според возрасни групи од испитаниците кои одбрале варијанта Не се грижат доволно, се чувствувам запоставено, најголем дел се на возраст од 14 и 15 години. Кај децата од Ресен и од Гевгелија доминира одговорот дека возрасните главно се грижат за нивните потреби. Од оние испитаници кои сметаат дека возрасните не се грижат се чувствувам запоставено најголем дел се во Гевгелија (22%), во Скопје (15%) и

во Гостивар (13%). Најзаштитено се чувствуваат децата од Прилеп (60%), од Струга (55%) и од Битола (52%).

81 % од децата велат дека треба да учествуваат во донесувањето одлуки. однос на начинот на кој се донесуваат одлуките во училиштето најголем дел од децата сметаат дека тие не ги донесуваат одлуките, ниту пак возрасните (родителите и наставниците) ги прашуваат пред да ги донесат одлуките битни за нив.

**Графикон 3: Дали децата имаат право да донесуваат одлуки?**




**Табела 17: Како најчесто се донесуваат одлуките во училиштето кои се важни за тебе?**

| | Број | Во % |
|---|---|---|
| Нема одговор | 20 | 1,8 |
| Наставниците самостојно ги донесуваат | 221 | 20,4 |
| Родителите ги донесуваат | 79 | 7,3 |
| Наставниците и родителите заедно одлучуваат | 272 | 25,1 |
| Ние учениците одлучуваме преку класната и училишната заедница | 180 | 16,6 |
| Наставниците и родителите не прашуваат нас | 166 | 15,3 |
| Ние учениците самостојно одлучуваме | 41 | 3,8 |
| Не знам | 103 | 9,5 |

| | Број | Во % |
|---|---|---|
| Нема одговор | 20 | 1,8 |
| Наставниците самостојно ги донесуваат | 221 | 20,4 |
| Родителите ги донесуваат | 79 | 7,3 |
| Наставниците и родителите заедно одлучуваат | 272 | 25,1 |
| Ние учениците одлучуваме преку класната и училишната заедница | 180 | 16,6 |
| Наставниците и родителите не прашуваат нас | 166 | 15,3 |
| Ние учениците самостојно одлучуваме | 41 | 3,8 |
| Не знам | 103 | 9,5 |
| **Вкупно:** | **1082** | **100,0** |

На ниво на семејство децата се чувствуваат повклучени за разлика од училиштето. 34 % од децата одбрале дека родителите понекогаш ги прашуваат за нивното мислење и потоа одлучуваат, а 30% од децата одбрале дека родителите секогаш ги прашуваат за нивното мислење и потоа одлучуваат. Девојчињата за разлика од машките се чувствуваат повклучени во одлуките во семејството кои се битни за нив.

**Табела 18: Како се донесуваат одлуките во семејството кои се важни за тебе?**

| | Број | Во % |
|---|---|---|
| Нема одговор/одбива | 12 | 1,1 |
| Родителите самостојно ги донесуваат | 172 | 15,9 |
| Родителите понекогаш ме прашуваат за мислење и потоа одлучуваат | 373 | 34,5 |
| Родителите секогаш ме прашуваат за моето мислење и потоа одлучуваат | 323 | 29,9 |
| Родителите ми дозволуваат понекогаш сам/а да донесам одлука | 143 | 13,2 |
| Секогаш сам/а донесувам одлуки | 59 | 5,5 |
| **Вкупно:** | **1082** | **100,0** |

Децата воопшто не знаат како општината одлучува за прашањата кои ги засегаат нив или сметаат дека самостојно одлучува што во пракса се потврдува со непостоењето на посебен механизам и систем преку кој

општината би ги вклучувала децата во одлучувањето. 41% одговориле дека не знаат, а 34.8% дека самостојно одлучува за прашањата кои ги засегаат децата.

И родителите изјавуваат дека ги вклучуваат децата во донесувањето одлуки зависно од возраста, но и од прашањето за кое се одлучува. Повеќето родители не се запознаени со начини за учество на децата во одлучувањето на општината. Дел од родителите сметаат дека нема законска можност за такво учество. Според некои родители во Тетово, советот на општината е отворен за соработка и децата може да присуствуваат на состаноци, меѓутоа не можат да учествуваат во носење на одлуки. Родителите од Кавадарци укажуваат дека минатата година биле вклучени деца во работата на локалната самоуправа преку Детски парламент, каде што нивни претставници оделе на состаноците на Советот на Општината и ја следеле неговата работа. Според родителите кога детето има проблем најчесто се обраќа прво на своите родители па на класниот раководител, педагогот и психологот и на крај кај директорот.

## Сегмент: Принцип на недискриминација

- **Резиме**

1. Според изјавите на институциите на локално ниво децата ретко се жалат на дискриминација. 67% од децата исто така изјавиле дека се чувствуваат рамноправни со другите деца, но сепак 56% од нив навеле дека еднаш или повеке пати или се почувствувале понижени. Од овие деца најголем процент се Роми.
2. Според 76% од НВОите децата многу често се жалат на дискриминација и тоа најчеста причина за дискриминација е етничката припадност. Овој наод многу малку кореспондира со

изјавите на децата и на другите институции, па може да се заклучи дека се работи за организации во чија пракса најчесто се појавуваат вакви случаи на дискриминација.

3. Сите институции на локално ниво имаат некакви процедури или начела за забрана на дискриминацијата
4. Најчести причини за дискриминација се успехот на училиште, материјалниот статус и етничката припадност на трето место.
5. Дискриминацијата сеуште не е посебно регулирана со одвоен закон, но и во законите каде што постојат одредби за антидискриминација не постојат доволни дефиниции и објаснувања за да може правилно да се разграничат случаите на дискриминација. Во НАП за детски права и во најголемиот дел документи од сферата на образованието како НПРО и Законите за основно и средно образование постојат посебни одредби со кои се забранува секаков вид дискриминација.

- **Наоди од анализата на документација**

Според извештаите на Народниот правобранител прашањето за дискриминацијата врз децата се отвора уште во 2003 година кога НП за прв пат предлага донесување на Закон за антидискриминација. Во 2006 година поднесена е претставка до НП од група Роми за дискриминација заради формирање на етнички чисти паралелки во ОУ Гоце Делчев во Гостивар. Иако НП е излезен на терен сепак заради непостоењето соодветна законска регулатива од оваа област не може точно да се докаже и дефинира дискриминацијата. Во текот на 2007 година НП предлага измени и дополнувања на Законот за НП при што поконкретно предлага дефинирање на принципот на недискриминација на децата и забрана за вршење дискриминација на децата по кој било основ, како и предвидување механизми и мерки за заштита во случај на дискриминација. Во текот на 2008 година подготвен е предлог на Закон за антидискриминација од страна на Министерството за труд и социјална политика. Предлог законот бил

ревидиран во Ноември и откако бил прегледан од страна на Националниот совет за Евро-интеграција, била најавена уште една ревизија. Законот сеуште не е сеуште усвоен од Собранието.

Во сферата на образованието пак Уставот на РМ во член 44 утврдува дека сите имаат право на образование и тоа е достапно за сите под еднакви услови. Дискриминацијата во образованието не била регулирана со претходните закони за основно образование. Законот за основно образование од 2008 година, забранува дискриминација на основа на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование (член 2). Дискриминација по исти основи е забранета и преку Законот за средно образование (52/2002 член 3).

Меѓу целите на Националниот план за акција за децата во Република Македонија е наведено и:

*„ - да се создадат услови за еднаков пристап на децата во средното образовани*

*- на децата со посебни потреби да им се обезбедат сите потребни услови и можности за остварување на сите права без никаква дискриминација„*

Исто така утврден е и следниот приоритет:

*„Вклучување на сите деца во образовниот процес, особено на децата од руралните средини и децата на улица, со поддршка од државата и со стимулативни мерки за посета на образованите институции;“*

Уште поконкретно, во Стратешката цел 2 – Формирање на училишта по мерка на децата меѓу активностите е наведено дека *„Децата ќе бидат заштитени од секаков вид на експлоатација, насилство и дискриминација“* (Стр.8).

Националната програма за развој на образованието ги наведува меѓу принципи на основното образование:

- Еднаквост според која „*Основното образование, како уставно загарантиран степен преку кој припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници, нужно применува еднаков третман на сите деца без разлика на нивната етничка, верска и полова припадност, јазик, социјално-економски статус и место на живеење, и способности/пречки во развојот/учењето.*“ (стр.103)
- Пристапност според која „*Основното образование е пристапно за сите граѓани под еднакви и исти услови, тоа е отворено за потребите на индивидуалниот развој на секој поединец, блиско за сите во однос на дефинираните цели и предуслов за образовно напредување на сите граѓани во општеството во текот на целиот живот.*“ (стр.103-104)
- Принципот на рамноправност се нагласува и во Програмата за средно:
„*Глобалната мисија на средното и на постсредното образование, за којашто се залага оваа програма, подразбира воспоставување на отворен и ефикасен систем кој ќе обезбеди рамноправен пристап на сите корисници и индивидуален развој на личноста преку здобивање компетенции неопходни за успешна работа, натамошно образование и живот во демократско општество, во согласност со локалните и со глобалните општествено-економски можности, интереси и потреби.*“ (стр.159)

- **Наоди од мапирањето**

Од 105 училишта вклучени во истражувањето 89% имаат процедури кои спречуваат секаков вид на дискриминација на децата. Иако спречувањето на дискриминација е регулирано, ретко се случува децата да се пожалат дискриминација, а 34% од испитаните училишта досега немаат регистрирано ниту еден случај на дискриминација. Од праксата на оние училишта кои досега регистрирале пријави и жалби поврзани со дискриминација, успехот на училиште е најчеста причина за 63% од училиштата, а веднаш по неа следи етничката припадност која ја регистрирале 33% од училиштата кои пријавиле дека децата се жалат на дискриминација.

**Табела 19: Колку често децата се жалат на дискриминација**

| | Колку често децата се жалат на дискриминација? | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Многу често | Ретко | Досега не сме имале случај дете да се пожали на дискриминација | Не одговорил | Вкупно |
| Основно училиште | 0 | 35 | 27 | 0 | 62 |
| Средно училиште | 4 | 28 | 9 | 2 | 43 |
| **Вкупно:** | **4** | **63** | **36** | **2** | **105** |

Сите пет регионални канцеларии на МОН имаат процедури кои спречуваат секаков вид на дискриминација врз децата. Во четири од Канцелариите децата ретко се жалат на дискриминација, додека една Канцеларија досега немала таков случај. Ваквите одговори може да се резултат на неинформираноста на децата дека Канцеларијата е едно од местата каде тие можат да се жалат на дискриминација, особено за дискриминација во училиштата. Најчеста причина е успехот во училиштето поради која децата се жалат на дискриминација.

Спречувањето на секаков вид на дискриминација на децата е институционално регулирано кај 61% од организациите кои имаат процедури за спречување на дискриминацијата. Според испитаните НВОи, 75% одговориле дека децата се жалат на дискриминација. Од оваа бројка, 30% се жалат често на дискриминација, додека 45% тоа го прават ретко. Децата од Скопје, Куманово и Штип многу често се жалат на дискриминација во седум НВОи. Најчеста причина за која децата се жалат на дискриминација е етничката припадност со 27%. По неа следува успехот на училиште со 9%. По градови, децата од Битола, Охрид и Скопје најмногу пријавувале дискриминација по основ на етничка припадност

Десет од испитаните Центри за социјална работа или 67% имаат процедури кои спречуваат секаков вид на дискриминација врз децата. Според искуствата на центрите, досега 47% од нив немале случај дете да се пожали

на дискриминација. Само 13% т.е. два од испитаните центри изјавиле дека многу често децата се жалат дискриминација, додека за 40% ретко се случува некое дете да се пожали на дискриминација. Материјалниот статус, успехот на училиште и етничката припадност се најчести причини за децата да се пожалат на дискриминација

Десет од општините или 67% имаат процедури кои спречуваат секаков вид на дискриминација на децата во нивните акти. Искуството на општините покажува дека во 53% од нив децата ретко се жалат на дискриминација, додека 40% досега немале случај дете да се пожали на дискриминација. 60% од општините навеле дека најчести причини заради кои децата се жалат на дискриминација се успехот во училиштето, етничката припадност и возраста.

Три од Канцелариите на НП имаат процедури кои спречуваат секаков вид на дискриминација врз децата. Од досегашното искуство, две од Канцелариите досега немале случај дете да се пожали на дискриминација, додека во останатите две многу ретко се случува дете да пријави дискриминација. Случаите кои се регистрирани во минатото се однесуваат на дискриминација во однос на етничката припадност и вероисповеста на децата.

- **Наоди од анкетата и фокус групите со децата**

Децата имаат искуство да бидат понижени барем еднаш или два пати. 39% одговориле дека биле понижени еднаш или два пати, а 37% дека никогаш не се чувствувале понижено. 17% одговориле дека се почувствувале понижено повеќе пати.

Поголем дел од девојчињата, 41% се почувствувале понижено еднаш или два пати во споредба со 37% од момчињата. Исто така 19% од девојчињата се почувствувале понижено повеќе пати во споредба со 16% момчињата.

Најголем дел од оние кои избрале дека повеќе пати се почувствувале понижено се деца од Ромска етничка припадност. Од оние кои избрале дека никогаш не се почувствувале понижени најголем процент се Албанци 43%.Интересно најголем процент од оние кои одбрале дека тоа секогаш им се случува повторно се Албанци 5%.

Децата од Тетово и Гостивар во најголем дел споредбено со другите деца никогаш не се почувствувале понижено, додека децата од Скопје и Гевгелија во најголем дел споредбено со другите изјавиле дека постојано се понижувани. Истовремено во Скопје се лоцирани најголемиот дел од Ромите испитаници што го потврдува на некој начин горниот показател за честото понижување за кое најмногу се изјаснуваат Ромите.

Како најчеста причина за понижувањето испитаниците го избираат успехот во училиште (296), 167 ја избираат возраста, 147 материјалниот статус, 93 полот, 89 етничката припадност и натаму следуваат религијата и бојата на кожата како најретки причини. Споредено со резултатите од мапирањето претставниците на училиштата како најчести причини на кои се жалат децата ги наведуваат успехот на прво место и етничката припадност. И општините како најчеста причина за дискриминација го наведуваат успехот во училиште.

Следено на ниво на примерок од анкетата според етничка припадност иако резултатите се воглавно слични постои разлика во поглед на етничката припадност како причина за понижување. Турците и Ромите на второ место ја рангираат етничката припадност како причина за дискриминација што кореспондира со податокот од училиштата. За Албанците етничката припадност како причина се рангира на трето место.

Најголем дел од децата 67% сметаат дека се рамноправни со другите деца, а 18 % одговориле дека не се секогаш рамноправни.

Девојчињата се сметаат за порамноправни (68%) во однос на момчињата (66%). Во сите други варијанти на нерамноправност процентот на девојчиња е помал во однос на оној на момчињата.

По однос на етничката припадност Турците во значително поголем процент од другите етникуми ( 31%) сметаат дека не се секогаш рамноправни., ова е тенденција и кај Власите. На ниво на градови во Скопје и Гостивар споредено со другите градови најголем е процентот на оние кои се изјасниле дека не се секогаш рамноправни, а токму во тие градови се лоцирани најголем дел од Турците испитаници. Тој процент кај другите се движи помеѓу 15 – 18%.

## *4.3 Граѓански права и слободи*

- **Резиме**

1. Иако училиштата наведуваат дека ги имаат сите форми на здружување на децата и дека имаат критериуми за воспоставување на тие форми и правилници за работа, сепак во пракса ваквите форми не функционираат. Според исказите на децата, 58% од децата не знаат какви форми на здружување постојат во училиштата, а 56% изјавиле дека не членуваат во одделенска заедница. Исто така децата, многу малку знаат за значењето и улогата на ученичките и училишните заедници, а уште помалку знаат за сопствената улога во тие заедници.
2. Законски не е дозволено здружување на малолетници, и нема посебни одредби во законите кои се однесуваат на децата со кои би се утврдило правото на децата да се здружуваат и условите под кои тоа може да се реализира. Во законот за основно и средно образование нема никакви одредби со кои се прецизира тоа право, што е

спротивно од заложбите на државата во НАП за деца во кој се тврди дека истиот почива на триаголникот на детски права во кој еден сегмент е токму учеството на децата. 81%од децата сметаат дека треба да се здружуваат во најразлични организации за остварување на своите права.

3. Информирањето на децата за нивните права се врши најчесто на традиционален начин, а и децата најчесто избрале дека преку ТВ и радио се информираат за своите права.

- **Наоди од анализа на документација**

Здружувањето на децата во училиштата според анализата Училиште по мерка на децата е нецелосно регулирано во статутите на некои од училиштата. Иако формално постојат можности за здружување на децата во најразлични форми, во пракса нема јасни правила како децата се здружуваат, која е улогата на ученичките заедници и ученичките организации. Децата уште помалку знаат какви се правилата на избор на претставници во тие заедници бидејќи изборот најчесто се врши традиционално и по предлог на наставникот. Според истата анализа децата ретко учествуваат во донесувањето правила на класот, а уште помалку во донесувањето правила на училиштето.

Според Законот за здруженија на граѓани фондации од 1998 здружение можат да основаат само полнолетни лица. Според информациите кои ги добивме од работата на работната група за измена на Законот за здруженија на граѓани и фондации, се предлага здружение да можат да основаат и лица кои навршиле 15 години со претходна изјава за согласност од нивниот законски старател. Со ваквата предлог одредба практично се оди чекор напред во реализација на правото на децата на здружување, но сепак самата одредба од друга страна пак ги исклучува сите оние кои не навршиле 15 години.

Во Законот за радиодифузија внесени се одредби со кои се регулира презентирањето на содржини кои може да имаат негативни ефекти врз развојот на децата како на пример порнографски содржини, насилство, емитување на телефонски броеви кои нудат специјални услуги за време на детски програми. Советот за радиодифузија има изработено и прецизни насоки за категоризација на програмите. Во пракса, поголемиот дел од приватните телевизии не се придржуваат до насоките односно прават сопствена проценка кои програми кога треба да се емитуваат. Во периодот до 24.00 часот на телевизиите може да се сретнат филмови и емисии кои содржат физичко насилство, несоодветен речник, експлицитни еротски содржини. Пример се `reality shows` како Големиот брат, Остров на искушение, Кечери, Џери Спрингер, првиот циклус емисии Тринаесетка на водителот Боки 13. По однос на пристапот до информации и заштитата на децата од информации кои може да имаат негативно влијание врз децата, Народниот правобранител во 2002 година репортира за иницијатива поднесена од група ученици од ОУ Љубен Лапе од Скопје во која иницијатива тие бараат Советот за радиодифузија да донесе Кодекс со кој ќе се регулира испораката на информации за различни возрасни групи. Ваквиот Кодекс би се однесувал и на рекламирањето. Еден дел од медиуми се придржуваат до овој Кодекс и најавуваат пред секоја содржина за која возрасна граница на деца се препорачува.

По иницијатива на Заменикот народен правобранител за детски права прифатена е забраната за рекламирање на цигари и извршени се измени во Законот за забрана на пушење. Исто така извршени се измени во Законот за угостителска дејност и Законот за трговија со кои се забранува рекламирање на алкохол и продажба на алкохол, енергетски пијалаци и цигари на деца.

- **Наоди од мапирањето**

Најголем број од училиштата или 59% ги користат најчесто писмените соопштенија за да ги информираат учениците, по што следуваат огласните

табли со 14% и усмените соопштенија со 11%. Интернетот како механизам најмногу го користат само две училишта, едно во Штип и едно во Скопје.

**Табела 20: Најчесто користени механизми за пренесување на информации**

| | Број на училишта | Процент |
|---|---|---|
| Писмени соопштенија | 62 | 59,0 |
| Усмени соопштенија | 12 | 11,0 |
| Разглас | 8 | 8,0 |
| Огласна табла | 15 | 14,0 |
| Училишен весник | 1 | 1,0 |
| Едукативни работилници | 3 | 3,0 |
| Интернет-веб страница на училиштето | 2 | 2,0 |
| Не одговорил | 2 | 2,0 |
| **Вкупно:** | **105** | **100,0** |

Според Регионалните канцеларии на МОН информирањето на децата за нивните права најчесто се врши преку брошури и медиуми. Пренесувањето на информациите најчесто се врши во училиштата, а без исклучок информациите на децата секогаш им ги пренесуваат возрасни.

НВОи го вршат Информирањето на децата се врши преку печатени материјали, преку печатените и електронските медиуми, вклучително и детските весници, како и преку директни контакти – било да се тоа неформални разговори или едукативни работилници. Сепак, во својата пракса организациите најчесто ги користат едукативните работилници (52%) и директните контакти со децата (27%). Слично како и со другите институции, 86% од НВОи ангажираат возрасни за пренесување на информациите до децата. Само 14% од организациите вклучуваат деца кои на своите врсници би им ја пренеле информацијата во најсоодветна форма според нивната возраст.

Брошурите и други печатени материјали, како и директните контакти најмногу се користат од страна на Центрите за социјална работа за да ги информираат децата за нивните права. Информациите кои центрите им ги

пренесуваат на децата за нивните права најчесто, во 60% од случаите се случуваат во училиштата, а им ги пренесуваат возрасни.

Според училиштата, во нив генерално постојат и функционираат форми на здружување на децата кои се предвидени во програмите за работа. При тоа најразлични се сфаќањата што се може да се третира како форма на здружување па затоа често пати претставниците на училиштата во голем број во оваа категорија ги вбројуваат и секциите како и спортските екипи кои функционираат како вон-наставни активности. Помалку од половина од испитаните училишта ги споменуваат ученичките заедници како форма на здружување иако претходно 80% од училиштата го идентификуваат претседателот на класот кој всушност ја претставува токму ученичката заедница.

За начинот на здружување на децата во училиштето, само 17% од училиштата немаат воспоставено никакви критериуми. Во 55% од училиштата, критериумите се документирани, додека во останатите 28% критериуми има и тие им се познати, но не се документирани. Исто така 62% од училиштата велат дека ученичките организации имаат правилници кои ја регулираат нивната работа. Најголем број од училиштата во кои ученичките организации немаат правилници за работа се наоѓаат во Куманово, Скопје, Тетово и Прилеп. Според одговорите на претставниците на училиштата тие редовно комуницираат со ученичките организации и тоа најчесто преку стручните служби или определен наставник кој е задолжен за комуникација со ученичките организации.

Најголем дел од испитаните НВОи имаат свои членови кои се деца и за 48% од нив нема потреба од воспоставување на критериуми за членство на децата, бидејќи секој кој ќе посака да стане член може да го направи тоа. Сепак 39% од организациите имаат критериуми според кои децата можат да станат членови на нивните организации. Во однос на долната граница на возраст на децата која им овозможува да станат членови на НВОи, само две организации изјавиле дека само полнолетни лица можат да бидат нивни

членови. За 45% од организациите нема ограничување на возраста, додека за 32% од НВОи, услов за децата да се зачленат во организацијата е тие да имаат наполнето 15 години. НВОи преземаат најразлични активности за да анимираат децата да се зачленат во нивната организација, но најчесто користат презентации во училиштата и тоа во 27% од случаите. Директните контакти се уште еден често применуван метод за анимирање на децата со учество од 25%. Децата исто така преземаат иницијативи за да се зачленат во организациите и за 14% од НВОи најчесто децата сами им пристапуваат за да се зачленат. Најмалку користен метод за анимирање од страна на организациите е контактот со ученичките здруженија. Ова може да биде резултат или на непостоење или неактивност на ученичките здруженија во училиштата.

Сите четири Канцеларии на заменикот народен правобранител изјавиле дека го поттикнуваат здружувањето на децата преку нивните активности.

- **Наоди од анкетата и фокус групите со деца, како и од фокус групите со родители**

Според децата, најчесто избраниот начин за информирање е преку телевизија и радио (588 испитаници или 54%), потоа следува училиштето (579 испитаници или 53%), па родителите /семејството (504 испитаници или 46%), интернет ( 444 испитаници или 41%). Натаму последователно се избираат списанија и весници, активности на НВО и другарите/ките.

**Табела 21: Најчести начини преку кои децата се информираат за своите права**

| | | | Како се информираш за твоите права? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ТВ и радио | Интерне т | Весници и списанија | Невладин и организац ии | Родител и | Училишт е | Од другарите/ другарките | Досега не сум добил информаци ја за детски права |
| Пол | машки | Број | 326 | 246 | 164 | 121 | 237 | 266 | 97 | 46 |
| | | % | 59,1% | 44,6% | 29,7% | 21,9% | 42,9% | 48,2% | 17,6% | 8,3% |
| | Женски | број | 262 | 198 | 162 | 98 | 267 | 313 | 72 | 25 |
| | | % | 50,1% | 37,9% | 31,0% | 18,7% | 51,1% | 59,8% | 13,8% | 4,8% |
| Вкупно | | Број | 588 | 444 | 326 | 219 | 504 | 579 | 169 | 71 |

Значителен дел од децата (81%) сметаат дека треба да се здружуваат во организации и да работат за остварување на детски права , а 12% од децата рекле дека не знаат.

Децата различно се информирани за организациите во нивниот град кои работат со детски права. 43% знаат за такви организации во нивниот град, а 41% не знаат.

Најголем дел од децата не членуваат во организации кои работат со детски права 77%,  при што поголем процент девојчиња не членуваат за разлика од машките.

Од сите етникуми кои ја одбрале варијантата дека членуваат во некоја детска организација најмногу членуваат Ромите со 31%, а најмалку децата од Албанска етничка припадност 16%.

Најголем дел од децата не учествувале во активности за детски права 58%, а само 30% учествувале. Од тие кои се изјасниле дека учествувале најголем дел се Роми

58% од децата испитаници не знаат какви форми на здружување постојат во училиштето. 40% се изјасниле дека знаат. Понатаму, 56% од децата рекле дека не членуваат во одделенска/ученичка  заедница, а 42% дека членуваат.

Според изјавите на децата од фокус групите, во училиштата најчесто има воспоставени структури на ниво на клас, освен во Тетово каде децата воопшто не знаат за форми на здружување на учениците. Но дури и таму каде се воспоставени на ниво на клас не функционираат на ниво на училиште. Претседателите на класните заедници не учествуваат на наставничките совети но според нив и да учествуваат не веруваат дека ќе сменат нешто. Дел од децата не ги ни препознаваат овие структури како

нивни претставници. Децата не се запознаени за постоење на правилник за работа за училишна заедница и истиот правилник го мешаат со правилниците на однесување кои одредуваат правила на однесување на децата во класот како: да се облекуваат пристојно, да не џвакаат мастика на час и сл. Исто така и кога биле запрашани за што може да одлучува одделенската заедница, повторно се наведени воглавно правила за однесување како и одлуки за екскурзии. Според децата од овие структури најмногу функционира благајникот кој најчесто собира пари за копирање на тестови. Децата од фокус групите покажуваат дека имаат многу слаби познавања кои организации за детски права постојат во нивниот град. Децата од Скопје ги наведуваат Меѓаши и Црвен Крст. Во Прилеп го знаат само дневниот центар за деца со посебни потреби. Децата од Охрид исто така го наведуваат Црвен крст а најмногу знаат за НВО Младински совет од Охрид во чии активности биле и самите вклучени. Децата од Тетово и Штип не знаат да наведат ниту една организација. Освен децата кои биле вклучени во активностите на Младинскиот совет од Охрид, другите не учествувале во никакви активности на невладини организации во врска со детски права.

## *4.4 Образование, забава и културни активности*

### Сегмент: Интеркултурна димензија на образованието

Овој сегмент од областа образование, забава и културни активности беше истражуван преку анализа на документација, мапирањето на локалните институции и анкетата со децата.

- **Резиме**

1. Децата и натаму најмногу дознаваат за другите етнички заедници преку семејството, а потоа следува содржината на учебниците.

2. Од предметите кои ги учат децата најмногу дознаваат за другите етнички заедници преку предметот граѓанско образование, историја, мајчин јазик и литература и запознавање со религиите.

3. Општата тенденција е дека децата во најголем дел малку или воопшто не ги познаваат другите заедници.

4. Иако според законската регулатива може да се утврди заложба за поголема сензитивност, препознавање и почитување на различните култури и етникуми сепак во пракса многу малку има конкретни активности за реализација на заложбите за интеркултурализам и почитување помеѓу заедниците. Вакви заложби отсуствуваат како во подготовката на наставните содржини, така и во дизајнирањето посебни активности со цел поголема сензитивност и толеранција.

- **Наоди од анализата на документација**

Пред Законот за основно образование од 2008, единствена интеркултурна димензија во законите како за основно образование така и за средно образование е ставот кој утврдува дека припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик го прославуваат традиционалниот ден на просветата на соодветната заедница со културни и други манифестации (Измени и дополнувања 63/04 член 21). Во новиот Закон за основно образование од 2008 се обрнува повеќе внимание за интеркултурната димензија преку следните цели на основното воспитани и образование (член 3):

*„.- воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права;*

*- развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет;*

*- воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции;*

*- усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно делување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции;"*

Меѓутоа наведена е само една конкретна мерка како би се постигнале тие цели:

*„На часот на одделенската заедница се разработуваат содржини за личниот и социјалниот развој на учениците според програма што ја утврдува министерот, на предлог на Бирото."(член 29)*

Од друга страна Законот за средно образование не е дополнет соодветно на промените во законот за основно образование и не содржи ставови кои би ја регулирале интеркултурната димензија на средното образование освен претходно наведениот за прославување на традиционалниот ден на просветата.

Националниот план за акција за децата во Република Македонија поставува како цел:

*„Да се овозможи образование на секое дете, односно сите машки и женски деца пред се да добијат задолжително, бесплатно и квалитетно основно образование и да се обезбеди интеркултурна и интеретничка кохезија;"*

Додека под стратешката цел 2 – Формирање училишта по мерка на децата во планираните активности наведува:

*„Обезбедување на услови за образование за мир, човекови права, толеранција и градење на интеркултурна и интеретничка кохезија во образованиот процес и обука на тренери за таа цел;"*

Националната програма за развој на образованието од друга страна говори за подржување на мултикултурализам. Така, таа ги поставува следните задачи за Министерството за образование:

*„Министерството за образование и наука ќе ги поддржи иницијативите во формалниот и неформалниот сектор кои имаат за цел стекнување и примена на граѓанските вештини, особено на планот на спортските и културните активности. Посебно внимание ќе биде посветено на формите и активностите од мултикултурен карактер кои промовираат социјална кохезија и здружување. Во таа смисла, мултикултурализмот и размената меѓу културите ќе бидат поддржани."* (Стр.49)

*„Министерството за образование и наука ќе креира образование кое во својот фокус ќе го има поединецот, неговиот непречен развој, развојот на неговиот индивидуален и културен идентитет, дефиниран во амбиент на мултикултурно окружување и ситуиран во глобалниот национален и наднационален контекст."* (Стр.59)

НПРО ја наведува мултикултурната димензија и во секој степен на образование. Така во предучилишно се нагласува дека:

*„Треба да се почитуваат половите разлики, социјалното и културното потекло. Исто така, при изборот на активностите, средствата и материјалите треба да се почитува различноста и мултикултурализмот, што на децата им овозможува негување на сопствениот идентитет и стекнување искуства и знаења за различноста на луѓето и културите."* (стр.79)

*Основното образование треба да:*

*„...ја развива самопочитта и почитта спрема културите на другите, го афирмира мултикултурниот карактер на општеството."* (стр.103)

Исто така,

*„ Во установите за средно и за постсредно образование потребно е да се креира образование кое во својот фокус ќе го има поединецот,неговиот непречен развој, развојот на неговиот индивидуален идентитет, дефиниран во амбиент на мултиетничко и мултикултурно окружување."* (стр.199)

Интеркултурниот аспект пак е наведен во Програмата за средно и постсредно која поставува дека :

*„Наместо да се создаваат и негуваат услови за живеење едни крај други, различните културни групи треба да се поттикнуваат во текот на средното и постсредното образование на меѓусебно запознавање и почитување, но и на негување на односи на заемна соработка.“* (стр.199)

МОН и ОБСЕ на 8 Октомври 2009, го објавија Предлог документот за воведување интегриран образовен систем. Политиката на интеграција на етничките заедници преку образованието која се промовира преку овој документ ги предвидува следниве мерки: заеднички наставни и вон-наставни активности на учениците од различни етнички заедници, малцинските заедници да го изучуваат македонскиот јазик, а децата од македонската заедница да ги изучуваат јазиците на другите етнички заедници, дополнителни критериуми и обуки за наставниот кадар, механизми за промоција на мултикултурализмот во учебниците, подобрување на менаџментот на училиштата.

Во рамки на МОН воспоставен е Оддел за детски права при Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на заедниците. Одделот иако има потенцијал да биде стручно тело од оваа област има само маргинална улога во заштитата на детските права, без соодветен капацитет и поставеност во хиерархијата на МОН. Од разговорот со Г-ѓа Милошевска може да се констатира токму маргиналната улога на ова тело, слабата проактивност на Одделот, како и незаинтересираноста на МОН да го зајакне овој аспект во својата работа. Учеството на Одделот во активности за заштита на детски права најчесто е во проекти кои ги спроведувале граѓански здруженија и по иницијатива и покана на граѓанските здруженија.

- **Наоди од мапирањето**

Според испитаните училишта, знаењата за другите заедници учениците ги добиваат преку повеќе предмети, но најмногу преку предметите граѓанско

образование (69 училишта), историја (61 училиште), мајчин јазик и литература и запознавање со религиите (по 26 училишта).

- **Наоди од анкетата со децата**

Семејството останува еден од традиционалните канали за информирање на децата кога се работи за запознавање на културата, историјата и традицијата на другите етнички заедници. На прашањето Како најмногу дознаваш за историјата, традицијата и културата на својот народ? најголем дел од децата (621) дознаваат преку семејството додека после тоа 500 деца се изјасниле дека дознаваат преку содржината на учебниците. Потоа е интернет, радио и ТВ и на крај весници и списанија.

Општата тенденција е дека децата во најголем дел одбираат дека малку или воопшто не ги познаваат другите заедници. Од ова исклучок има за Македонската заедница каде децата одговориле дека најмногу ја познаваат. Кај Турците пак како заедница која најмногу ја познаваат се Власите, а кај Ромите Турците. Најмалку позната заедница за Албанците, Македонците, и Турците се Ромите, а за Србите се Власите. За Власите подеднакво непознати се и Турците и Албанците и Ромите.

## Сегмент: Генерални пракси и квалитет на спроведување на образовните процеси

Овој сегмент од областа образование, забава и културни активности беше истражуван преку анализа на документација, мапирањето на локалните институции и анкетата со децата.

- **Резиме**
    1. За утврдување на квалитетот на наставата училиштата скоро подеднакво користат годишна евалуација и успехот т.е. оценките на учениците. Останатите фактори за квалитет на

настава како спремност на наставниот кадар, услови за учење, содржина на учебниците, достапност на наставните помагала и сл. малку се сфаќаат и користат како релевантни критериуми.

2. 52% од децата сметаат дека учебниците се делумно јасни, а 31% дека се јасни.

3. Воглавно снабденоста со учебници е задоволителна со тоа што и според децата и според училиштата најмногу учебници недостигаат за настава на Ромски јазик.

**4.** 76% од испитаниците ( освен на часовите по странски) учат на својот мајчин јазик. Според етничка припадност 57% од Ромите се изјасниле дека не учат на мајчин јазик. Исто така и Власите во 60% се изјаснуваат дека не учат на својот мајчин јазик.

**5.** 31% од децата на ниво учат во класови помеѓу 25 – 30 ученици што е во рамки на законската граница. 26% одговориле дека во нивниот клас има од 30 – 34 ученици. Дури 13% рекле дека во нивниот клас имало над 34 деца што не е бројка која е законски дозволена. Средните училишта предничат со класови кои имаат поголем број на ученици.

**6.** 87% од училиштата располагаат со компјутерски опремени училници, но според анкетираните деца само 21% изјавиле дека понекогаш го користат компјутерот во наставата.

**7.** Децата имаат поделено мислење за соодветноста на просториите во кои учат, но поголемиот дел не се задоволни. Училиштата изјавуваат дека преземаат активности за подобрување на условите, но истите најчесто се финансирани од општините или од централно ниво.

- **Наоди од анализа на документацијата**

Законската регулатива покажува дека МОН презема мерки за ревидирање на наставните програми, но при тоа не се предвидени начини за децентрализација на курикулумот како што е предвидено со НПРО. Наставните програми се ревидирани на основа на Концепција утврдена од страна на Министерот и врз основа на цели на образованието кои се утврдени со Законот за основно образование 2008. Со Законот за основно образование од 2008, а со цел обезбедување на квалитет на наставата воведени се две новини. Тоа се самоевалуација (спроведувана од страна на училишна комисија) и програма за развој на училиштето (која вклучува резултати од самоевалуацијата, препораки од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, и мислењата од советодавната и стручната помош од Бирото). Самоевалуацијата опфаќа организација и реализација на наставата и учењето, постигањата на учениците, професионален развој на кадарот во училиштето, управување и раководење, комуникации и односи со јавноста, училишната клима и култура и соработката со родителите и со локалната средина. Според измените и дополнувањата на Законот за средно образование од 2006 јавните средни училишта исто како и основните вршат самоевалуација на работата на училиштето и донесуваат развоен план на училиштето. Промените во законската регулатива за напредувањето на наставниците поставуваат механизми за оценување и вреднување на нивната работа меѓутоа додека напредувањето во следен степен се прави на основа на мислење на комисија, објективноста и професионалноста на наставниците се проценуваат само на основа на екстерното проверување на постигнувањата на успехот на учениците (споредено со оценките кои наставникот ги дал). Со тоа повторно квалитетот на наставата се поистоветува со оценките на учениците.

Иако МОН презема реформи со цел обезбедување поголем квалитет на наставата, во праксата следиме случаи на избрзани реформи во отсуство на

детална анализа која ќе укаже на последиците од воведувањето на одредена реформа. Во продолжение разработени се неколку такви случаи.

*<u>Случај Веронаука</u> - Со Законот од 2008 за основното образование, беше воведено верско образование како изборен предмет во V одделение од осумгодишната програма, или VI и VII одделение по деветгодишна програма. Верското образование започна да се реализира во учебната 2008/9 година како изборен предмет во V одделение со следните опции: „Веронаука“ (Православна, Христијанска, Исламска, Католичка, Евангелско-методистичка или Јудаизам) или „Запознавање на религиите“. Воведувањето на Веронауката од почеток беше предмет на несогласување од страна дел на јавноста поради неговата спротивставеност со Уставот на РМ како и со членот 11 од истиот закон кој предвидува забрана за верско организирање и дејствување во основното училиште. Во Април 2009 предметот Веронаука беше прогласен за неуставен од страна на Уставниот суд поради спротивност со членот 19 и Амандманот VII од Уставот на Република Македонија кои го утврдуваат секуларниот карактер на државата. Во учебната 2009/10 година децата во V одделение избираат помеѓу предметите „Запознавање на религиите“ и „Класичната култура во европската цивилизација“.*

*<u>Случај Бесплатни учебници</u> - Со новиот Закон за учебници (94/2008) сите учебници во основно и средно образование се обезбедени бесплатно за учениците почнувајќи од учебната 2009/10. Спроведувањето на реформата наиде на потешкотии поради ненавременото обезбедување на потребните учебници до секој ученик на почетокот на учебната 2009/2010 година. Алтернативно решение беше понудено од страна на Министерството со објавување на интернет страница од која можеа да се симнат во електронска верзија учебниците кои не беа испечатени навремено. Одреден број ученици кои немаа пристап до интернет не беа во можност да го искористат ова алтернативно решение. Понатаму, кај некои родители и наставници се појави страв од одредбата од законот со која се предвидува „учебниците не смеат да се оштетуваат, потцртуваат или да се означуваат одделни делови од текстот во учебникот“. Доколку наставниците не*

*им укажале на учениците и родителите за постоењето и значењето на оваа одредба се предвидуваат глоби од 5.000 до 10.000 евра за наставниците, 10.000 до 15.000 евра за директорот на училиштето, како и 10.000 до 15.000 евра за училиштето (член 27).*

*<u>Случај Екстерно оценување</u> – Екстерното оценување е предвидено со новите Закони за основно и средно образование и требаше да започне да се реализира на крајот на учебната 2008/09 година. Ова оценување беше планирано да се реализира со ученици од четврто до деветто (осмо одделение според стара програма) и ученици од средно образование со стандардизирани тестови подготвени од Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат. Резултатите од оценувањето требаше да послужат за проценување на објективноста на работата на наставниците и да се наградуваат односно казнат со процент од платата според тоа колку се совпаѓаат оценките од екстерното оценување со оценките кои наставниците ги дале на нивните ученици. Во Јуни, Уставниот суд ја разгледување уставноста на спроведувањето на екстерното оценување. Со оглед дека тестирањето требаше да се реализира во истиот период на крајот на учебната година судот привремено го стопираше. На почетокот на јули 2009 година Уставниот суд донесе одлука за неуставност на екстерното оценување со оглед дека проценувањето на знаењето на учениците според Уставот е во надлежност на образовните институции, а не на Министерството за образование и наука.*

- **Наоди од мапирањето**

50 од 105 испитани училишта дознаваат дали учениците добиваат квалитетно образование преку годишна евалуација во која ги вклучуваат учениците. Во малку помал број - 42 училишта сметаат дека оценките на учениците исто така се показател за квалитетно образование. Во образовен систем како македонскиот во кој оценките на учениците се постојана тема на дискусија во однос на тоа колку оценките го одразуваат знаењето на децата а што се аргументира со резултатите од меѓународните тестирања

каде македонските ученици се послаби со знаења од своите врсници во другите земји многу е храбро да се тврди дека оценките се показател за квалитетно образование.

Според 75% од испитаните училишта, учениците ги имаат сите потребни учебници. Останатите 25% најчесто споменуваат дека недостасувале учебници за стручните предмети во средните училишта, како и учебници за шесто одделение во основните училишта. Едно училиште споменува дека недостасуваат учебници на турски јазик, а друго специјализирано училиште изјавува дека недостигаат учебници напишани со Брајова азбука.

Училиштата кои учествуваа во истражувањето на различен начин работат со посебните групи деца било да се работи за талентирани деца, за просечни или пак за деца кои потешко го совладуваат зададениот материјал. 54% од испитаните училишта имаат критериуми за работа со различни групи на деца, додека 38% им оставаат на наставниците индивидуално да решат како ќе работат со различните групи на деца. Останатите 8% од училиштата немаат воспоставени критериуми.

Само 19% од испитаните училишта изјавиле дека не сите ученици имаат можност да учат на мајчин јазик. Во 70% од овие училишта Ромите немаат можност да учат на својот мајчин јазик, а во 40% Турците не учат на својот мајчин јазик. Во помал број училиштата споменуваат дека Албанците, Бошњаците, Власите и Србите не учат на својот мајчин јазик. Училиштата кои изјавиле дека има деца вклучени во образовниот систем во нивното училишта, а немаат можност да учат на својот мајчин јазик се наоѓаат во Битола, Куманово, Виница и Скопје.

Само во 4% од училиштата просечниот број на ученици во еден клас е поголем од 34, што ја прикажува законската граница на деца во класот. Во најголем број од испитаните училишта – 37% просечниот број на ученици е од 25 до 30. Средните училишта предничат со класови кои имаат поголем

број на ученици. Училиштата кои имаат повеќе од 34 ученици се наоѓаат во Куманово, Тетово и Скопје.

87% од училиштата располагаат со компјутерски опремени училници. Меѓутоа само 42% од училиштата имаат и критериуми за користење на компјутерите во наставата, додека во 38% од училиштата одлуката за тоа како ќе се користат компјутерите во наставата ја носат наставниците.

Најголем број од училиштата, дури 92 самоиницијативно презеле активности за подобрување на инфраструктурата и условите за работа во училиштето. Најголем дел од нив презеле активности за опремување на училниците со нова опрема како што се клупи и столчиња, како и активности за промена на дограмата и реконструкција или санација на санитарните јазли. Ако се има во предвид дека долг временски период ништо не беше направено на полето на подобрување на инфраструктурата, големиот буџет на МОН за инфраструктурни зафати, како и фондови од страна на меѓународни донатори се поставува прашањето колку училиштата би биле самоиницијативни ако требало сами да ги обезбедат средствата.

**Преземени инфраструктурни зафати од страна на училиштата**

| | | |
|---|---|---|
| - изградба на фискултурно игралиште/сала | 4 | |
| - процедура за градба на дел од кровот | | 5 |
| - уредување на просторот во училиштето | 20 | |
| - уредување на дворот во училиштето | | 16 |
| - реконструкција на санитарен јазол | | 24 |
| - поставување на електрична инсталација | 2 | |
| - нова фасада на училишната зграда | | 5 |
| - промена на дограма | | 25 |
| - уредување на кабинети | 26 | |
| - реконструкција на подрачното училиште | 3 | |
| - парно греење | | 3 |
| - нова зграда | | 2 |

Во 93% од општините преземени се активности за подобрување на инфраструктурата и условите за работа во училиштата во изминатата година

- **Наоди од анкетата со децата**

Поголемиот дел од испитаниците (околу 60%) сметаат дека ги добиваат потребните знаења во училиштето, т.е. се определиле за варијантите дека училиштето им дава такво знаење какво што им треба, односно дека им дава голем дел од тоа што ги интересира. 13% рекле дека училиштето воопшто не им дава такво знаење како што им треба. Девојчињата се позадоволни со знаењето што го добиваат. Најзадоволни од знаењето што го добиваат се децата од Гостивар додека децата од Штип во најголем дел споредбено со другите воопшто не задоволни.

52% од децата сметаат дека учебниците се делумно јасни, а 31% дека се јасни.

**Графикон 7: Дали ги добиваш потребните знаења во училиштето?**



Најголем дел од испитаниците (освен на часовите по странски) учат на својот мајчин јазик 76%. Според етничка припадност најголем дел од Ромите 57% се изјасниле дека не учат на мајчин јазик. Исто така и Власите во 60% се изјаснуваат дека не учат на својот мајчин јазик.

На прашањето Дали наставниците користат интересни начини да ти го пренесат знаењето? 51% од децата одговориле дека само мал број наставници користат. Потоа следува опцијата дека повеќето наставници користат и за неа се определиле 19%, а 16% рекле дека наставниците никогаш не користат интересни методи.

44% од децата сметаат дека само во некои простории во училиштето им е пријатно за учење и работа, додека 31% рекле дека во сите простории е пријатно

Најголем дел од децата на ниво на примерок учат во класови помеѓу 25 – 30 ученици (31%) што е во рамки на законската граница. 26% одговориле дека во нивниот клас има од 30 – 34 ученици. Дури 13% рекле дека во нивниот клас имало над 34 деца што не е бројка која е законски дозволена. Најчесто децата од 16 и 17 години одговараат дека во нивниот клас има над 34 ученици, Најголем дел од децата кои учат во класови со над 34 ученици се во Тетово.

**Табела 22: Колку ученици има во твојот клас?**

| | Број | Во % |
|---|---|---|
| Нема одговор/одбива | 14 | 1,3 |
| Помалку од 20 | 82 | 7,6 |
| Од 20-25 | 222 | 20,5 |
| Од 25-30 | 336 | 31,1 |
| Од 30-34 | 287 | 26,5 |
| Над 34 | 141 | 13,0 |

| | Број | Во % |
|---|---|---|
| Нема одговор/одбива | 14 | 1,3 |
| Помалку од 20 | 82 | 7,6 |
| Од 20-25 | 222 | 20,5 |
| Од 25-30 | 336 | 31,1 |
| Од 30-34 | 287 | 26,5 |
| Над 34 | 141 | 13,0 |
| **Вкупно:** | **1082** | **100,0** |

41% одговориле дека имаат компјутер на училиште но не го користат, додека 21% дека понекогаш користат.

## Сегмент: Неформално образование

Овој сегмент од областа образование, забава и културни активности беше истражуван преку анализа на документација, мапирањето на локалните институции и анкетата со децата.

- **Резиме**

1. Законската основа за спроведување на неформално образование за деца и млади е определена со Законот за образование на возрасни. Во него оваа целна група не се третира посебно иако станува збор за група со поинаков карактер и поголема ранливост.

2. Иако децата се задоволни од знаењето што го добиваат преку неформалното образование, во пракса пак училиштата не се проактивни во овозможувањето неформално образование за децата и најчесто се јавуваат како партнери на иницијативите од НВОи.

3. Не постојат стандарди за спроведување на неформално образование со деца и млади. Ваква иницијатива е преземена од страна ан невладиниот сектор но во пракса сеуште нема конкретни резултати.

- **Наоди од анализата на документацијата**

**Законите за основно и средно образование** воопшто не ги наведуваат неформалните форми на образование. Со оглед дека неформалното образование е наведено во законите за високо образование и за образование на возрасни, може да се заклучи дека неформалните облици на образование се законски дефинирани само за возрасни но не и за деца.

Во Националниот план за акција неформалните форми на образование се претставени како конкурентни на формалното образование:
*„Грижата за надарените деца во Р. Македонија не е сеуште масовна, навремена и на сите нивоа. Бидејќи не се применува соодветна методологија и образовни програми за откривање на надарените деца во училиштето и недоволна соработка со родителите, истите своите интереси ги задоволуваат во други неформални образовни институции.“* (стр.15)

Од друга страна Националната програма за развој на образованието ја нагласува потребата за поврзување на формалното, неформалното и информалното образование:
*„Невозможно е да се очекува целокупната одговорност за јакнењето на интелектуалните капацитети на државата, оспособувањето на младите и возрасните за ефикасна работна и социјална инклузија и партиципација во процесите на одлучување и управување да се препушти само на формалното образование. Поради тоа, во наредниот период, ќе се преземат мерки за засилување на соработката меѓу институциите за формално образование и институциите и формите на неформално образование.“* (стр.45)

НПРО ја нагласува потребата за „градење на ефикасна врска со невладиниот сектор и негово промовирање во *клучен партнер* во развојот на образованието и земјата во целост“ како и за „поделба на одговорностите и активностите,во согласност со приоритетите на државата, меѓу владата и невладиниот сектор“.

Врските на формалното со информалното учење перманентно се зголемуваат. Важноста на неформалното образование НПРО особено ја нагласува во Програмата за развој на средното и постсредното образование во која предвидува:

*„Поврзување на формалното, неформалното и информалното образование. Во современиот потсистем на средно и на постсредно образование потребно е присуството на три категории на учење: формално учење кое се остварува во установите за средно и за постсредно образование и кое завршува со добивање на признаени дипломи и квалификации; неформално учење, кое се реализира надвор од овој потсистем на образование и на крајот не обезбедува формални сертификати; информално (секојдневно учење) кое претставува природно следење на секојдневниот живот.*“ (стр.194)

Една од формите  преку која во изминатиот период се работеше на развивање на талентот кај децата беа и пионерските центри. Меѓутоа, во пракса, државата ги укина пионерските центри кои беа јадро за идентификување на талентираните и надарени деца. За укинувањето на пионерските центри и Заменик Народниот правобранител за детски права известува во своите годишни извештаи, во кои исто така наведува и дека покренал иницијатива за воведување на алтернатива на овие центри како и за алоцирање на средства од буџетот на МОН за поддршка на талентирани деца. Нема конкретни информации што е преземено во оваа насока, но факт е дека  до овој момент државата и МОН не понудија алтернативни форми преку кои ќе се идентификуваат и развиваат талентираните деца.

- **Наоди од мапирањето**

Училиштата во најголем број – 67% не го регулираат учеството на учениците во училишните и вон училишните активности. Според претставниците на училиштата, секој ученик може да учествува во таквите активности. За 31% од училиштата раководителот на активноста ги селектира учениците кои учествуваат во училишните и вон училишните активности.

Училиштата имаат различни практики во организацијата на вон училишните активности. Ист процент на училишта - 19% или секогаш соработуваат со други организации во вакви активности или самостојно ги организираат активностите. Останатите 81% од училиштата изјавиле дека понекогаш соработуваат со други организации во организацијата на вон училишните активности.

Годишните програми на 47% од општините предвидуваат активности за поддршка на неформалното образование на децата. Уште 27% поддржуваат вакви активности, но тие не се конкретизирани во нивните годишни програми. Во имплементацијата на активности за поддршка на неформалното образование, 53% соработуваат редовно со НВОи, додека 20% тоа го прават повремено. Останатите 27% од општините немаат пракса да соработуваат со НВОи за имплементација на вакви активности. Сепак ниту една општина не даде конкретен пример за поддршка на активности од неформалното образование

Најголем број од НВОите – 17 или 39% ги користат едукативните работилници како форма за реализација на активности од областа на неформално образование. Во реализацијата на активностите од неформалното образование, испитаните НВОи најчесто соработуваат со училиштата – 43%. тука е и соработката со други НВОи – 20% посебно за теми и области кои им се заеднички со организациите, а тука спаѓа и соработката со НВОи од други градови во државата во случаи кога

активностите од неформалното образование се реализираат во повеќе региони или на ниво на држава. Во помал број организациите соработуваат со никого. Во процесот на планирање на таквите активности 43% од организациите дискутираат внатре во организацијата за темата и формата на активноста, дополнителни 23% ги консултираат децата, а 14% прават некаква комбинација од консултација со децата и дискусија внатре во организација. Останатите 20% од организациите ги вклучуваат училиштата и општините – посебно или заедно во процесот на планирање на активностите за неформално образование.

Центрите за социјална работа го следат и напредувањето на децата со кои работат, во областа на образованието. Во тој процес најголем број од испитаните центри т.е. 80% од нив соработуваат подеднакво и со родителите и со училиштата. Ваквиот одговор покажува тенденција на центрите подеднакво да ги вклучат и училиштата и родителите во следењето на образованието на децата со кои работат, бидејќи најчесто се тоа деца кои припаѓаат на маргинализирани групи кај кои ризикот за напуштање на образовниот процес е многу поголем во споредба со другите категории на деца.

- **Наоди од анкетата со децата**

На прашањето Дали училиштето ти дава можност да учествуваш во спортски и културни активности? 53% од децата одговориле дека понекогаш има можност за учество во спортски и културни активности.27% одговориле дека има доволно можности. Значително помал процент девојчиња сметаат дека нема учество 13%, за разлика од машките каде тој процент е 21. Најмногу можности за учество има во Ресен, а најмалку во Скопје.

На прашањето Дали си посетувал едукативни активности надвор од училиштето? 64% од децата одговориле дека посетувале. Половина од ова или 34% рекле дека не посетувале. Децата од Турска националност најмалку посетуваат едукација надвор од училиште. Децата од Влашка етничка припадност најмногу се вклучени во едукација надвор од училиштето. Најмногу едукативни активности надвор од училиштето посетуваат децата од Гевгелија, а најмалку децата од Куманово.

На прашањето Дали знаењата што ги добиваш преку едукативните активности ти се корисни? 40% од децата одговориле дека многу им се корисни додека 20% дека делумно им се корисни.

# 3. ПРИЛОЗИ

## *Прилог 1 - Табела за опфатеност на испитаници во истражувањето*

### 1. Мапирање

**Табела 6: Училишта вклучени во мапирањето според градови**

| | Број на училишта | % |
|---|---|---|
| Кавадарци | 8 | 7,0 |
| Битола | 10 | 9,0 |
| Куманово | 11 | 10,0 |
| Штип | 6 | 6,0 |
| Виница | 3 | 3,0 |
| Гевгелија | 3 | 3,0 |
| Прилеп | 7 | 7,0 |
| Ресен | 3 | 3,0 |
| Охрид | 6 | 6,0 |
| Струга | 3 | 3,0 |
| Дебар | 2 | 2,0 |
| Гостивар | 8 | 7,0 |
| Тетово | 6 | 6,0 |
| Скопје | 29 | 28,0 |
| **Вкупно:** | **105** | **100,0** |

**Табела 7: НВОи вклучени во мапирањето според градови**

| | Број на НВОи | % |
|---|---|---|
| Кавадарци | 2 | 4,5 |
| Битола | 6 | 13,6 |
| Куманово | 5 | 11,4 |
| Штип | 5 | 11,4 |
| Виница | 2 | 4,5 |
| Гевгелија | 1 | 2,3 |
| Прилеп | 3 | 6,8 |
| Ресен | 1 | 2,3 |
| Охрид | 3 | 6,8 |
| Струга | 2 | 4,5 |
| Дебар | 3 | 6,8 |
| Гостивар | 2 | 4,5 |
| Тетово | 4 | 9,1 |
| Скопје | 5 | 11,4 |

| | Број на НВОи | % |
|---|---|---|
| Кавадарци | 2 | 4,5 |
| Битола | 6 | 13,6 |
| Куманово | 5 | 11,4 |
| Штип | 5 | 11,4 |
| Виница | 2 | 4,5 |
| Гевгелија | 1 | 2,3 |
| Прилеп | 3 | 6,8 |
| Ресен | 1 | 2,3 |
| Охрид | 3 | 6,8 |
| Струга | 2 | 4,5 |
| Дебар | 3 | 6,8 |
| Гостивар | 2 | 4,5 |
| Тетово | 4 | 9,1 |
| Скопје | 5 | 11,4 |
| **Вкупно:** | **44** | **100,0** |

- 17 општини од 14 градови беа вклучени во мапирањето. Четири од овие општини се од градот Скопје.

- 15 Центри за социјална работа беа вклучени во мапирањето. Центрите од Дебар и еден од Скопје не учествуваа во мапирањето.

- 5 Регионални канцеларии на МОН беа вклучени во мапирањето и тоа од Битола, Гевгелија, Дебар, Куманово, Штип и Тетово

- 4 од вкупно 6 Регионални канцеларии на Народниот правобранител беа вклучени во мапирањето и тоа од Битола, Тетово, Куманово и Штип

## 2. Анкета со децата

## Табела 3: Деца вклучени во анкетата според градови

| | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Скопје | 419 | 38,7 |
| Гевгелија | 18 | 1,7 |
| Ресен | 14 | 1,3 |
| Охрид | 47 | 4,3 |
| Тетово | 91 | 8,4 |
| Куманово | 102 | 9,4 |
| Гостивар | 96 | 8,9 |
| Виница | 19 | 1,7 |
| Штип | 40 | 3,7 |
| Струга | 71 | 6,6 |
| Прилеп | 65 | 6,0 |
| Битола | 79 | 7,3 |
| Дебар | 21 | 1,9 |
| **Вкупно:** | **1082** | **100,0** |

## Табела 4: Деца вклучени во анкетата според етничка припадност, пол и возраст

| **Пол** | | **Етничка припадност** | | | | | | | | **Возраст** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Мак. | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 556 | 526 | 648 | 339 | 26 | 36 | 7 | 5 | 0 | 19 | 5 | 2 | 2 | 189 | 207 | 211 | 222 | 243 |
| **Вкупно:** | **1082** | | | | | | | | | | | | | | | | |

## 2. Фокус групи со деца

- Фокус групите вклучија деца од 5 градови и тоа Скопје, Штип, Прилеп, Охрид и Тетово

## Табела 5: Деца вклучени во фокус групите според етничка припадност

| | Број на испитаници |
|---|---|
| Македонци | 50 |
| Албанци | 20 |
| Бошњаци | 3 |
| Еѓипјани | 2 |
| Турци | 1 |
| Роми | 1 |
| Власи | 1 |
| **Вкупно:** | **78** |

### Табела 6: Деца во фокус групите според возраст

| | Број на испитаници |
|---|---|
| 9 години | 5 |
| 10 години | 24 |
| 11 години | 27 |
| 12 години | 22 |
| **Вкупно:** | **78** |

## 3. Фокус групи со родители

- Фокус групите вклучија 59 родители од 14 градови ( Скопје, Куманово, Штип, Прилеп, Битола, Гевгелија, Виница, Кавадарци, Охрид, Ресен, Струга, Тетово, Гостивар и Дебар)

### Табела 7: Родители во фокус групи според етничка припадност

| | Број на родители |
|---|---|
| Македонци | 46 |
| Албанци | 10 |
| Срби | 1 |
| Турци | 2 |
| **Вкупно:** | **59** |

### Табела 8: Родители во фокус групи според возраста на нивните деца

| | Број на родители |
|---|---|
| 10 - 12 | 24 |
| 13 - 15 | 14 |
| 16 - 17 | 21 |
| **Вкупно:** | **59** |

### Табела 9: Родители во фокус групи според нивото на образование

| | Број на родители |
|---|---|
| Високо | 18 |
| Средно | 33 |
| Основно | 7 |
| Незавршено основно | 1 |
| **Вкупно:** | **59** |

## Табела 10: Родители во фокус групи според функција која ја имаат

| | Број на родители |
|---|---|
| Членови на совет на родители | 5 (1 во основно и 4 во средно училиште) |
| Претседател на совет на родители во основно училиште | 2 |
| Член на Училишен одбор | 1 |
| Членови во градски совет (во Охрид и Ресен) | 2 |
| **Вкупно:** | **10** |

## *Прилог 2 – Листа на анализирани закони и документи*

**Анализирани закони:**

**1. Образование**

**Основно образование:**

- Закон за основно образование – Пречистен текст, Службен весник, бр. 52/2002

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=769

- Закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр. 40/2003

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=770

- Закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр. 63/2004

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=774

- Закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр. 55/2005

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=775

- Закон за дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр.81/2005

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=776

- Закон за дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр. 113/2005

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=777

- Закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр. 35/2006

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=778

- Закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр. 70/2006

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=837

- Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, бр.. 70/2006 – 0-1 од 17.01.2007

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=967**

- Закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование , Службен весник, бр .51/2007

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=953**

- Закон за основно образование, , Службен весник, бр. 103/2008

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=1&zID=829**

**Средно образование:**

- Закон за средно образование – Пречистен текст, Службен весник, бр. 52/2002

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=745**

- Закон за измени и дополнувања на Законот за средно образование , Службен весник, бр.49/2007

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=940**

- Закон за измени и дополнувања на Законот за средно образование , Службен весник, бр.81/2008

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1126**

- Закон за измени и дополнувања на Законот за средно образование , Службен весник, бр.92/2008

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1134**

**2. Заштита на децата**

- Закон за заштита на децата Службен весник, бр. 98/2000

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=1&zID=11**

- Закон за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата Службен весник, бр.17/2003

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=678**

- Закон за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата Службен весник, бр.65/2004

  **http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=649**

- Закон за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата Службен весник, бр.113/2005

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=802

- Закон за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата Службен весник, бр.98/2008

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1150

- Закон за измени на Законот за заштита на децата Службен весник, бр.107/2008

  http://www.pravo.org.mk/download.asp?ID=2&sID=1176

**3. Семејство**

- Закон за семејство, Службен весник бр. 80/92

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Semejstvo_1992.pdf

- Закон за измени и дополнувања на Законот за семејство, Службен весник бр. 9/96

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/semejstvo_ID_96.pdf

- Закон за измени и дополнувања на Законот за семејство, Службен весник бр.. 38/2004

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/semejstvoto_ID_17062004.pdf

- Закон за измени и дополнувања на Законот за семејство, Службен весник бр.. 33/2006

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/semejstvoto_ID_20032006.pdf

- Закон за измени и дополнувања на Законот за семејство, Службен весник бр.. 84/2008

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/ID_Zakon_za_semejstvo_84_11072008.pdf

- Закон за семејство – Пречистен текст, Службен весник бр. 157/2008

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/zakon%20za%20semejstvo.pdf

**4. Малолетничка правда**

- Закон за малолетничка правда, Службен весник бр. 87/2007

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Zakon_za_maloletnicka_pravda_87_12072007.pdf

- Закон за измени на Законот за малолетничка правда, Службен весник бр. 103/2008

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/I_MALOLETNICKA_PRAVDA_103_19082008.pdf

- Закон за измени на Законот за малолетничка правда, Службен весник бр. 161/2008

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/I_Zakon_za_Maloletnichka_pravda_161_24122008.pdf

**5. Локална самоуправа**

- Закон за локална самоуправа, Службен весник бр. 5/2002 http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=219&gid=50&tid=1&page=documentlaws.php

**6. Социјална заштита**

- Закон за социјална заштита – Пречистен текст, Службен весник бр. 21/2006

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/socijalnata_zastita_precisten.pdf

- Закон за измени и дополнувања на Законот за социјална заштита, Службен весник бр. 98/2006

  http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/ID_socijalna_zastita_98_04082008.pdf

- Закон за измени и дополнувања на Законот за социјална заштита, Службен весник бр. 161/2008

http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/Sub/ID_Zakon_za_Socijalna_zashtita_161_24122008.pdf

**7. Извештаи на Народниот правобранител:**

- Годишен извештај 2000, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2001

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj-2000.pdf

- Годишен извештај 2001, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2002

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/IZV-2001.pdf

- Годишен извештај 2002, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2003

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj%202002.pdf

- Годишен извештај 2003, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2004

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/IZV-2003-mak.pdf

- Годишен извештај 2004, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2005

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/IZV-2004-Mak.pdf

- Годишен извештај 2005, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2006

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izveztaj-2005-WEB.pdf

- Годишен извештај 2006, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2007

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/IZVESTAJ-2006-makedonska%20verzija.pdf

- Годишен извештај 2007, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2008

http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj-2007-mak.pdf

- Годишен извештај 2008, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2009

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Godisen%20izvestaj-2008.pdf

- Извештај за спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето и нејзините протоколи 2000 – 2005, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2007

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj-mk-Konvencija%20za%20pravata%20na%20decata-%2024.10.2007.pdf

- Информација од посетите на основни и средни и училишта за едукација на децата за нивните права и обврски, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2009

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Informacija-Ucilista-2009.pdf

- Посебен извештај на Народниот правобранител за вклучување на децата со посебни потреби во образованието, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје 2006

  http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Posebni%20potrebi%20na%20decata1%20-mak.pdf

**Анализирани документи:**

- Concluding Observations of the Committee on the Rights of the Child in the Former Yugoslav Republic of Macedonia, CRC/C/15/Add.118, 23 February 2000; UN Committee on the Rights of the Child

- Иницијален извештај на државата, Република Македонија, Министерство за надворешни работи, Скопје, 1997; CRC/C/8/Add.36

- Втор периодичен извештај на Република Македонија за спроведување на Конвенцијата за правата на детето, Министерство за надворешни работи, Скопје Јуни 2007

- Национален Акционен План за заштита на правата на децата во Република Македонија, 2006 – 2015, Министерство за надворешни работи, Министерство за образование, Агенција за млади и спорт, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи, Агенција за комуникации, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје Декември 2005

- Децата во ПЈР Македонија, Анализа на ситуацијата, UNICEF Февруари 2009

- Анализа „Училиште по мерка на децата„, UNICEF, Август 15 2007

- Локален акционен план за детски права 2009 – 2011, Општина Битола, Декември 2008

- Локален акционен план за детски права 2009 – 2011, Општина Штип, Јануари 2009

- Child-Focused Public Expenditure Review, UNICEF, 2009 **http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MK_ChildFocusedPER_ENG.pdf**

- Multiple Indicator Cluster Survey 2005-2006, UNICEF, Државен завод за статистика, 2007 **http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MICS-ENG-1.pdf**

- Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, Министерство за образование и наука, Скопје 2006 **http://www.npro.edu.mk/**

- Национална стратегија за Роми во Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, Скопје 2004 **http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_romi.pdf**

- Decade Watch: Roma Activists Assess the Progress of the Decade of Roma Inclusion 2005-2006, World Bank, OSI, Budapest 2007

http://demo.itent.hu/roma/portal/downloads/DecadeWatch/DecadeWatch%20%20Complete%20%28English;%20Final%29.pdf

- Национален Акционен план за образование, Декада за вклучување на Ромите, 2005-2015 – Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, Скопје 2004 http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/akcioneni_planovi.pdf

## *Прилог 3 – Листа на интервјуирани клучни претставници од сферата заштита на детски права*

1. Г-ѓа Невенка Крушаровска, Заменик Народен правобранител за детски права
2. Mr. Sheldon Yett, UNICEF претставник
3. Г-дин. Зоран Стојанов, Офицер за мониторинг и евалуација на UNICEF
4. Г-ѓа Светлана Гелева, Раководител на сектор за човекови права при Министерство за надворешни работи
5. Г-ѓа Марија Милошевска, поранешен одговорен во Одделот за детски прва при Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на заедниците